МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

Правен факулет, Свети Николе



Насока: Меѓународно право, Право на ЕУ и дипломатија

Магистерски труд

Тема

„Улогата на полицијата во постконфликтни операции и правото на употреба на сила“

Кандидат:
Ирена Спирова
Број на индекс:
М 177009

Ментор:
проф.д-р Александар Илиевски

Свети Николе, 2020 година

На мојата мајка

Нема да кажам дека боли твоето отсуство само затоа што Ти ме учеше така - НИКОГАШ да не покажам слабост, дури и во најтешките моменти, само ќе кажам дека се гордеам што те имав тебе за моја Мајка баш таква каква што секој би посакал, Мајка за пример од која треба да учат сите мајки...

СОДРЖИНА

Преглед на кратенки.....4

Вовед.....5

ПРВ ДЕЛ:Тероризмот и бунтовништвото како безбедносни закани за светскиот мир, новите предизвици и перспективи.....15

1.Новите начини на војување како опасност за меѓународниот мир.....15

1.2.Новите противтерористички и противбунтовнички операции во постконфликтни општества…….....…….....22

1.3.Меѓународни правила и принципи кои непосредно и посредно се применуваат во борбата против тероризмот и бунтовништвото.....…26

1.3.1. Правилата на меѓународното право со кои непосредно се регулира тероризмот.....29

1.3.2. Правилата на меѓународното право кои посредно го регулираат тероризмот.....37

1.4. Борбата против тероризмот на Европската Унија (ЕУ) 40

1.5.Националното законодавство на Република Северна Македонија за заштита од тероризмот.....45

1.5.1.Правна основа за антитерористичко дејствување.....48

ВТОР ДЕЛ: Улогата на полицијата во постконфликтни операции и правото на употреба на сила.....57

2.1.Улогата на полицијата во постконфликтните операци.....57

2.2.Улогата на полицијата и нејзината поставеност во општеството.....65

2.2.1. Функции на полицијата…….....……..67

2.2.2.Полициските службеници и нивните овластувања….....……..……71

2.3.Анализа на правила на однесување на припадниците на вооружените сили во мировните операции.....76

2.3.1.Правото во однос на правилата на однесување.....77

2.4.Однесување на полициските сили во постконфликтни операции врз основа на Полицискиот кодекс…….....…….....…….83

2.5. Човековите права во однос на правото на употребата на сила во постконфликтните операции 89

Заклучок..……...……96

Користена литература…….....…….....…….....99

.

Преглед на кратенки

- ECPTF - Европски началници на полициските сили
- UNODOC - Канцеларијата на ОН за борба против дрога и криминал
- ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка во Европа
- КЕБС - Конгрес за европската безбедност и соработка
- ЕУ - Европска Унија
- ЕКЧП - Европска конвенција за човекови права (European Convention on Human Rights-ECHR)
- ЗКП - Закон за кривична постапка
- КЗ - Кривичен законик
- МКП - Меѓународно кривично право
- МПВК - Меѓународно право за вооружен конфликт
- МППЧ - Меѓународно право за правата на човекот
- НАТО - (преземена кратенка од оригиналниот наслов: North Atlantic Treaty Association-НАТО)
- НКСНЕБПТ- Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот
- ОЕЦД –Организација за економска соработка и развој
- ОН - Обединетите нации
- ООН - Организацијата на Обединетите нации
- ПБ – противбунтовнички
- ПНО - Правила на однесување
- ПТ – противтерористички
- РМ – Република Македонија
- РСМ – Република Северна Македонија
- САД - Соединетите Американски Држави
- УБК – Управа за безбедност и контраразузнавање
- ЦЕПОЛ - (CEPOL- the College Europeen de Police or Europian Police College)

ВОВЕД

Тероризмот и бунтовништвото како облик на асиметрично војување низ целата историја на човештвото еволуираат и се менуваат паралелно со промените во сите полиња во општеството. Во контекст на ова, се поставува прашањето дали и правилата и принципите соодветно или несоодветно ја регулирале оваа материја и колку истите се во корелација со времето и со промените во еволуцијата на оваа проблематика, во која се засегнати и погодени државите во меѓународното општество.

Кулминација во практикувањето на тероризмот и бунтовништвото како форма на асиметрично војување е средината на 70-тите години на минатиот век, поточно периодот на Студената војна. Новата мутирана димензија врз која почива практикувањето на тероризмот и бунтовништвото создава импликации кои консеквентно влијаат врз еволуирање на реакцијата против него од страна на ентитетите на меѓународен план. После терористичките напади на 11 септември 2001 година, дојде до значителна промена во традиционалниот пристап кон употребата на сила во меѓународното право каде на „голема врата“ се полемизираше и работеше на глобалната борба против тероризмот и бунтовништвото и оправданоста на употребата на сила која не беше само во вид на самоодбрана туку и за заштита на другите од масовното кршење на човековите права. Накратко, теоријата на праведна војна се состои од збир на правила и норми кои настојуваат да воведат контрола над употребата на воено насилство, или негово ограничување или редуцирање. Според Стивен Ли, станува збор за теорија на ограничена војна: таа тргнува од претпоставка дека понекогаш одреден степен на воено насилство е неопходен и морално оправдан. Прашањето за моралноста на војната и стремежот кон праведно војување, би можеле да го поделиме на четири алтернативни пристапи, и тоа:

Милитаризам, кога се тргнува во војна без можност од негово ограничување. Него би можеле да го споредиме со тотална војна каде се војува со толкав приоритет што целта ги оправдува средствата.

Реализам, кога војната се смета за неизбежна карактеристика на човековата историја и според него вредностите на војната треба да се

одмеруваат од случај до случај, односно секоја војна би била војна сама за себе.

Пацифизмот негира дека постои право на водење војна, односно одрекува секаква нејзина легитимност. Во современиот контекст тој се одразува во форми на ненасилен отпор кон политичко насилство и државен терор.

Идеализмот одрекува право на војна, бидејќи според него се смета дека е можно воспоставување авторитет способен да го одржи мирот. Но тој авторитет треба да биде воспоставен на глобално ниво и тој стриктно ќе бара почитување на правилата за војување со цел минимизирање на последиците од војувањето.

Со цел што по легално да се справиме во борбата против тероризмот и бунтовништвото, во традиционалната теорија за праведна војна се зборува за две димензии: првата се однесува на условите за започнување војна или приклучување кон војна и оправданата употреба на сила во истата. Оваа димензија ни ги дава одговорите на прашањата кога е оправдано да се влезе во војна и да се употреби сила? Втората димензија ја сочинуваат принципите кои е потребно да се почитуваат за време на војувањето, односно водењето операции и употребата на оружје. Оваа димензија ни го дава одговорот на прашањето: што е морално и правно дозволено во изведувањето на воените операции. И во поново време се воведува и трета димензија која, иако е во сенка на првите две, можам да кажам дека е многу битна, а тоа е создавање услови за праведен мир во постконфликтниот период, односно по воената операција. Оваа димензија ни го дава одговорот на прашањето: што по завршување на конфликтите (непријателствата), кои услови треба да се обезбедат за правичен завршеток на војната, кој најдобро ќе го направи и спроведе тоа, колку може да придонесат воените а колку полициските сили во решавање на ова прашање и дали, доколку би дејствувале заедно, овие сили би придонеле до побрза рехабилитација или репарација на нанесените штети.

Пред да ги разработам и објаснам начините како подобро да се справиме во постконфликтните ситуации, би се осврнала на втората димензија т.е. на праведното војување и неговите принципи каде, од легален аспект, во

третманот на тероризмот и бунтовништвото во меѓународната пракса, разликуваме три аспекти на употреба на сила, кои државите ги користат како еден од механизмите во справувањето со него:

Третман на тероризмот и бунтовништвото како внатрешен проблем односно **криминален акт.** Борбата со тероризмот и бунтовништвото во овој случај се одвива преку употреба на полициски сили и други извршни органи кои имаат задача да го обезбедат ефективното извршување на законите и владеење на правото. Нормативната рамка се бара во домашното законодавство и меѓународните правила и стандарди за заштита на човековите права со цел справување со терористите и нивните активности.

Третман на тероризмот и бунтовништвото како ***внатрешен вооружен конфликт***. Во овој случај употребата на сила е регулирана со меѓународните правила за внатрешен вооружен конфликт, меѓународните стандарди за заштита на човековите права и како најприоритетно, секако, се јавува домашното законодавство. Употребата на сила се остварува со употреба на комбинација од полициските и други извршни органи, од една страна, и армиски сили, од друга страна.

Најсовремен, но во исто време и најконтроверзен е ***третиот*** третман на тероризмот и бунтовништвото како закана за светскиот мир и безбедност, кој од правна гледна точка претставува **меѓународен вооружен судир**. Овде нормативната рамка за употреба на вооружена сила треба да се бара во правилата и принципите на меѓународнотото право за вооружен конфликт, односно во одредбите на Повелбата на ОН.

Еден од клучните проблеми кои настануваат при воените интервенции во борбата против тероризмот и бунтовништвото, кога истиот се третира како меѓународен судир, конкретно во случајот на воената интервенција во Ирак, Авганистан и последните случувања во Сирија и на Блискиот Исток, се јавуваат во фазата на постконфликтна стабилизација. Праксата покажува дека не постои можност за комплетен воен пораз на терористите и бунтовниците во државата која е зафатена со овој проблем, од причина што после масовните воени операции, терористите и бунтовниците се инфилтрираат помеѓу локалното население или бараат заштита во пограничните делови на

соседните земји. Од анализата на периодите на постконфликтна стабилизација на Виетнам, Ирак, Авганистан и останати земји кои беа зафатени со разни бунтови или тероризам, може да заклучиме дека отсуството или малата употреба на полициски сили во фазата на постконфликтна стабилизација, се рефлектира на многу долг период во асиметрична војна која резултира со многу воени и цивилни жртви. Според моето мислење, употребата на полициските сили во комбинација со воените сили во фазата на постконфликтна стабилизација во борбата против терористите и бунтовниците е најсоодветното решение. Тука, пак, се појавува еден нов проблем како последица на веќе и онака недоволно регулираниот проблем на правилата на однесувањето на воените сили на терен и меѓународните правила и принципи кои би требало да ја регулираат оваа материја, па сега се потребни нови нормативи за полициските сили.

Оттука се јавува и потребата за прецизирање на тоа како употребата на сила и правилата на однесувањето на полициските сили треба да бидат нормирани и од каде треба да ја црпат легислативата. Според искуствата, ваквите случаи сè уште, не се доволно јасни т.е. дали употребата на полициски сили во борбата против тероризмот и бунтовништвото може да биде во склад со принципите на домашното законодавство и со меѓународните правила.

Една од клучните воено-политички цели на Република Северна Македонија е зачленувањето во НАТО и ЕУ. Државните институции преземаат повеќе активности во насока на остварување на оваа цел. Најсвеж пример е,последниот меѓународен договор за решавање на спорот со името склучен помеѓу министрите за надворешни работи, односно шефовите на дипломатијата на Македонија, Никола Димитров и на Грција, Никос Kosijac потпишан на 17 јуни 2018 година во селото Нивици на брегот на Преспанското Езеро. Договорот е одобрен и со потпис од посредникот на ООН за спорот на името Македонија Метју Нимиц. Овој договор значително нè приближува до посакуваната интеграција во НАТО. Најзначајниот аргумент во овој интеграциски процес, во врска со зачленување во НАТО, силно потенциран од властите на Република Северна Македонија, е учеството на воени сили на Република Северна Македонија во мировни мисии, конкретно во Ирак и во

Авганистан. За жал, освен официјалните политички активности, во овој процес за нашата земја, несоодветно и со многу мала вклученост е науката.

Со цел успешно реализирање и завршување на овој процес, како значително дополнување на политичките активности се наметнува потребата а наедно и корисноста од вклучување на науката и стекнатите научни сознанија од оваа област. Со голема верба и надеж дека дека тоа ќе се случи, би била пресреќна ако и изработката на овој магистерски труд даде свој научен придонес.

Целта на ова истражување е да се утврдат применливите правила и стандарди од меѓународното право за време на употребата на полициските сили во постконфликтните операции. Врз основа на моите лични искуства преку работата во Специјалните полициски сили на Република Северна Македонија, и директната вклученост во процесите на постконфликтната стабилизација после конфликтот во 2001 година во Република Македонија, една од целите на ова истражување секако е проценатa на фазата во која полициските сили би требало да бидат употребени за време на постконфликтните операции. Како следен чекор во моево истражување би било утврдувањето како применливоста на соодветните и несоодветните правила може да се одрази врз целокупниот успех и целокупните напори во постконфликтното уредување на едно општество. Промените во соодветниот пристап во решавање на ова проблематика, како и разбирањето на овие процеси, е од особено значење не само заради тоа што ниту ние како мала земја не сме исклучени од одредени форми на терористички и бунтовнички активности, туку и заради активното учество со сопствените вооружени сили на Република Северна Македонија во вакви операции. Токму заради ова, вториот дел од темата е посветен на истражувањето на правилата на однесување на припадниците на полициските сили - нивните процедури, тактики и техники, како и употребата на смртоносна сила со цел успешно извршување на нивните операции**.**

Предмет на овој научен труд ќе бидат меѓународните правни аспекти околу употребата на сила и правилата на однесување на припадниците на вооружените сили, поконкретно на полициските сили, за време на противтерористичките и противбунтовничките операции. Примената на

меѓународните правила и принципи околу употребата на смртоносна сила за време на полициските операции во постконфликтното уредување, е во корелација со тенденцијата за промена на постоечките меѓународни правила за употреба на сила и правилата на однесување во полициските операции во борбата против тероризмот и бунтовништвото.

Предметот на трудов ќе биде разработен преку две работни претпоставки - хипотези.

Првата претпоставка се однесува на примената на соодветни мерки, сили и тактика во постконфликтните операции, т.е. колку тие се правилно, односно неправилно применети.

Втората претпоставка е фокусирана на тенденциите за промена на постоечките правила за употреба на сила во борбата против тероризмот и против бунтовничките операции. Секако при регулирањето на овие правила и нормирање на оваа сензитивна правна регулатива, правото на живот мора да биде примарно, посебно при креирањето на правилата за употребата на смртоносна сила во изведување на операциите. Тактиката на асиметрична војна практикувана од страна на терористите и бунтовниците, гледано од аспект на средствата кои се користени во нивните операции, со цел да предизвикаат поголема деструкција и жртви, како и опасноста од користење на оружје за масовно уништување, значително ја изменија безбедносната слика во рамките на меѓународната политичка сцена. Во такви услови, почитувањето на постоечките меѓународни правила за употреба на сила од страна на државите, ја оневозможува успешната заштита од асиметричната закана. Следствено на ова се наметнува потребата од промена на постоечкиот концепт на поимање на правото на употреба на сила во борбата против тероризмот и бунтовништвото и прифаќање нови проактивни правила коишто ќе бидат соодветни со потребите при извршувањето на овие операции.

Работните претпоставки во трудот ќе бидат поддржани преку следните методи:

дедуктивниот метод – е основата на трудот, тој ќе ни послужи проблемите да бидат разработени од општото до поединечните детали,

аналитички метод, овој метод ќе го заземе централното место при елаборирањето на претпоставките во првиот и во вториот дел од темата,

синтетички метод, ќе се применува како метод при изведување на заклучоците од работните претпоставки,

компаративен метод, ќе се применува во комбинација со претходните два, а посебно ќе помогне во донесувањето заклучоци,

статистички метод, ќе послужи како помошен метод, посебно околу утврдување на сериозноста на заканата од современиот тероризам, а и при утврдувањето ставови по одредени критични прашања,

историски метод, ќе има улога на поддршка на останатите методи во смисла на укажување на одредена практика во минатото, особено околу примената на обичајните правила, како и во поглед на одредени факти кои треба да ја потврдат еволуцијата на споменатите проблеми.

Предметот и работните претпоставки во трудот се разработени во два дела.

Во првиот дел под наслов „*Тероризмот и бунтовништвото како безбедносни закани за светскиот мир, новите предизвици и перспективи*“, истражувањето е насочено кон објаснување на причините за промената на војувањето и тактиките на војување кои најчесто се користени од страна на терористите и бунтовниците. Целта на ова е подобро разбирање на сите процеси кои водат до главниот предмет на ова истражување. Секако, за подобро разбирање на овие процеси во овој дел од текстот е наведена и применливоста на постоечките меѓународни правила и принципи кои посредно и непосредно го регулираат тероризмот, а кои се клучни за познавање, а исто така се и битни за нормирање на домашното законодавство. Посебен осврт е дадено и на законодавсто на Република Северна Македонија кое ја регулира оваа материја, а важноста на ова доаѓа од непобитноста на фактот дека Република Северна Македонија изминатиот период зеде активно учество во овие процеси. Во овој дел од истражувањето детално, чекор по чекор, системски е опишана и објаснета генезата на оваа проблематика, како и новите предизвици и опасности по меѓународниот мир и безбедност од овој тип на асиметрично војување, а со цел да се разберат тактикте на дејствување на

новите актери во овие случувања, да се уочи недостигот на постоечките меѓународни правила кои ја регулираат оваа материја и потребата од познавање и надополнување на истите.

На крајот од првиот дел на истражувањето, откако редоследно се објаснети причините за интервенција, истражувањето е насочено кон анализа на веќе преземените мерки во постконфликтните операции во Авганистан и Ирак, и како резултат на тоа е објаснета потребата од ангажирањето на полициските сили во овие операции, кои, според искуствата во напредните фази од операциите, би биле далеку покорисни во однос на армиските сили. Сето ова оди во контекст на самиот предмет на истражувањето т.е. употребата на сила во постконфликтните операции и правилата на однесување на полициските сили во овие операции, што е подетално објаснето во вториот дел од трудот.

Во вториот дел од трудот, со наслов *„Улогата на полицијата во постконфликтини операции и правото на употреба на сила*“, на почетокот , преку анализа на веќе преземените мерки во постконфликтните операции во Авганистан и Ирак, објаснета е потребата од ангажирањето на полициските сили во овие операции, кои, според искуствата во напредните фази од операциите, би биле далеку покорисни во однос на армиските сили. Ова е во контекст на самиот предмет на истражувањето т.е. применливоста на правилата на употребата на сила во постконфликтните операции и правилата на однесување на полициските сили во овие операции. Во понатамошниот дел од текстот се објаснети мерките кои Обединетите нации, Европската Унија и САД ги преземаат во правец на предноста на употребата на полициските сили пред армиските сили, кога настапува фазата на постконфликтна стабилизација, во која контролата на територијата ја имаат меѓународните и домашните сили. Потенцирани се секторите на полициските сили и нивната подобност за ангажирање во постконфликтните операции. Во наредниот дел од текстот, преку генералната концепција за полицијата, нејзината структура, поставеност во заедницата, методите на постапување и други нејзини карактеристики, објаснето е функционирањето полициските сили во внатрешните системи на меѓународните ентитети. Тука поголем акцент се става на соодносот на функцијата на македонската полиција во однос на полициските сили во земјите

членки на Советот на Европа, кој има издадено повеќе меѓународни документи кои служат како насоки во креирањето на правилата на полициските сили во внатрешните системи на државите. Познавањето на структурата, функциите и методите на постапување на полициските сили се клучни во креирањето на правилата за употреба на полициските сили во постконфликтните операции. Ова е потребно заради прецизирање на областите на делување и конкретните функции на полициските сили во сооднос со домашните полициски сили во земјата во која се спроведуваат овие операции, а со цел да не дојде до штетно прекршување на надлежностите во работата на истите. Со обработката и објаснувањето на Кодексите за етичко однесување на полициските службеници и воопшто службениците кои се задолжени за спроведување на правото, целта на овој дел од истражувањето е да се укаже на важноста на истите кои, во однос на правилата на однесување на воените сили во услови на вооружен конфиликт (кои се детално опишани во повеќе документи), претставуваат единствен извор за креирање на правилата на однесување на полициските сили во постконфликтните операции. Во моментов не постои ниеден конкретно пишан меѓународен документ кој би го регулирал правото на употреба на сила и правилата на однесување на полициските сили во постконфликтните операции, и истиот да е меѓународно признат и потпишан од меѓународните ентитети. Во ова истражување ќе се обидам да дадам насоки и препораки кои треба да се земат предвид во креирањето на правилата на употреба на сила и правилата на однесување на полициските сили во овие операции. Најбитното околу употребата на полициските сили е да се знае правилниот момент т.е. фазата од интервенцијата во која треба да се употребат вооружените сили, а тоа е клучно и за самите правила за употреба на сила воопшто на теренот. Ова е детално објаснето во делот за правилата на однесување на армиските сили, каде што се попрецизно објаснети моментите во кои ќе се користат правилата на однесување на вооружените сили. Клучот на прашањето околу креирањето и употребата на правилата на однесување лежи во тоа, дали ќе се користат правилата кои се дел од Меѓународното право за правата на човекот или пак правилата на однесување ќе се применуваат во сооднос со Меѓународното право за вооружен конфликт. Во овој дел од трудот исто така е објаснета важноста на човековите права при употребата на сила од страна на полициските сили, а истото тоа би било примарно во креирање на конкретните

правила за употреба на сила и правилата на однесување на полициските сили во постконфликтните операции. Понатаму се објаснети моментите во кои доаѓа до ограничување на човековите права и правилата на однесување во противбунтовничките и противтерористичките операции.

Сведоци сме дека интересот за проучување на оваа тема во Република Северна Македонија е многу мал, како и обидите на научници ентузијасти кои се занимаваат со ова прашање. Сето ова го потврдува и фактот за практично постоење на ограничена литература за ова прашање. Но ова не треба да значи дека, ова прашање не треба да се разгледува и разработува. Во овој контекст се прави обид, за нови дополнителни анализи, односно, доаѓање до нови сознанија, ставови и заклучоци. Направен е обид, магистерскиот труд да не претставува само историски преглед на настаните, туку, покрај значителниот осврт на овој аспект, врз база на користените податоци, да се направи обид, да се дадат и некои критички согледувања и оценки во однос на претходно поставените прашања.

Од голема важност е да се разработи прашањето за учеството на полициски сили од Република Северна Македонија во меѓународни мировни мисии. Ова како тема дава простор за дополнителни истражувања и утврдување на заклучоци и ставови во однос на претходно поставените тези. Оваа тема остава простор за подлабока систематска анализа на многу прашања, споредување и интерпретација на сличностите и разликите на настаните во минатото со денешните современи настани, утврдување на различни аспекти, односно на позитивностите и негативностите во однос на определени прашања.

Искрено се надевам дека овој магистерски труд ќе даде позитивен придонес со разработката на претходно поставените прашања и ќе предизвика внимание и интерес кај македонската научна јавност, а уште поголемо ќе биде задоволството доколку овој магистерски труд биде прилог кон досегашните скромни проучувања и поттик за натамошни проучувања на оваа интересна и сè уште недоволно истражена тема, за да биде оваа тема надополнувана со нови анализи, истражувања, прилози и сознанија.

ПРВ ДЕЛ

Тероризмот и бунтовништвото како безбедносни закани за светскиот мир, новите предизвици и перспективи

1. Новите начини на војување како опасност за меѓународниот мир

Човековата историја од самото постоење па сè до денес, изобилува со војни, конфликти, кризи и насилства. Единствено нешто што се менувало низ годините е оружјето, средствата, начинот на војување и пристапот на ентитетите во однос на борбата против ова зло. Денес, преку процесот на глобализација, поголемата пристапност до информации преку Интернет, развојот на средствата за масовна комуникација, медиумите, олеснетите можности за транспорт и движење на луѓето и материјалните добра на сите дестинации низ светот, на актерите и учесниците во овој тип насилство им е олеснета можноста за масовизирање на нивните активности и реализација на нивните цели.

Во контекст на горенаведеното можеме да заклучиме дека, безбедносните предизвици денес се многу покомплексни. Појавите меѓусебно се поврзани и постои врска помеѓу „внатрешните“ и „надворешните“ закани. Концептот на безбедност се менува и станува „течен“.[1] Како последица на ова, внатрешната безбедност и надворешната безбедност се неразделни и се спојуваат во еден голем безбедносен амалгам, каде што организациските и културните разлики меѓу воениот сектор и јавните организации почнуваат да исчезнуваат.

Во однос на претходно кога на тероризмот и организираниот криминал се гледаше одделно како на два различни феномени, денес гледано од фактите (терористите се вклучуваат во организираните криминални активности за да се поддржат финансиски, зголемената имиграција како начин на инфилтрирање на терористите во западните земји, оперирањето во области што се карактеризираат со слаби владини контроли, слабо спроведување на законот, отворени граници и конфликтни подрачја, перење пари, често се користат слични методи на насилство и сл.), може да се види комплексноста и

[1] Утврдено во Европската стратегија за безбедност од 2008 година.

комплицираноста на безбедностната закана на државите во меѓународната заедница.

Современиот и модерен период по завршувањето на Втората светска војна е збир од многу конвенционални и неконвенционални конфликти.[2] Крајот на студената војна донесе нов бран на бунтови. Многу од нив се разгоруваа повеќе од традиционални верски и етнички причини и мотиви. Нов аспект на современиот бран на бунтови се поголемата можност за поврзување преку развојот на информатичката технологија. Бунтовниците и терористите сега можат да се поврзат со други групи, вклучувајќи ги и криминалните организации во државата, регионот или во светот, терористите и бунтовниците сега се соединуваат во лабави организации со заедничка цел, но различни мотиви. Разбивањето и уништувањето на овие мрежи може да биде исклучително тешко.[3]

Како рефлексија на наведените факти погоре во текстот, денес светот се соочува со еден нов тип на војна т.н. „четврта генерација на војување“ или „асиметрична војна“, како што некои воени стручњаци и стратези ја дефинираат. „Четвртата генерација на војување“ еволуираше во однос на другите и како предност во планирањето на своите операции ги искористи: политичките, социјалните, економските и техничките промени кои се случија по Втората светска војна. Неконвенционалниот начин на војување, со дополнување на класично герилско војување, стана препознатлива карактеристика на овој тип војување.[4]

Основната идеја на современите бунтовници е да се добие поголема економска и воена моќ заради одземање на легитимитетот на противникот и зголемување на сопствениот легитимитет. Од ова би заклучиле дека т.н. „Четврта генерација на војување“ во голема мера е налик на класичното герилско војување.[5] Постојат и други дефиниции кои овој тип на војување го

[2] Hemmes X.T., *Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation*, Strategic Forum, No.214, January 2005, pp. 1.
[3] Lieutenant General Petraeus D., USA Commander, U.S. Army Combined Arms Center and Lieutenant General, Mattis N.J., USA, USMC, Commanding General, Marine Corps Combat Development Command, *Counterinsurgency (Final Draft-Not for Implemantation)*, Headquarters, Department of the Army - 16 June 2006 (Final Draft), pp. 1-1.
[4] Hemmes X.T., op.cit..., pp. 2.
[5] Хаџи-Јанев М., Четврта генерација на војување: промена на војувањето под влијание на современите предизвици, Армија на Република Македонија, 2012, стр. 2-3.

нарекуваат „нерегуларна војна“. Нерегуларната војна е комплексна и двосмислена појава за која не постои јасна, концизна и прецизна дефиниција.[6]

За овој начин на војување е карактеристично тоа што од страна на бунтовниците доаѓа до користење на медиумите и социјалните мрежи за масовна кумуникација (на пример, при егзекутирање на некој заробеник - странски државјанин), а основна цел и тактика на овој вид кумуникација е добивање публицитет, добивање легитимитет на нивната борба како од домашната јавност така и од меѓународната, притоа повикувајќи и привлекувајќи и други групи на солидарност со иста или слична идеја на светско ниво, предизвикување страв и несигурност и сл. Оваа тактика на војување од страна на некој воено-политички стручњаци е наречена „оружје на масовните медиуми“.

Во стратешка смисла на зборот „четвртата генерација на војување“ не е ништо друго туку борба на идеи и надмудрување на бунтовничките движења и терористичките организации, од една страна, и легитимните воено-политички сили, од друга страна. Од оперативна гледна точка, карактеристично за четвртата генерација е користењето на медиумите и средствата за масовни комуникации (т.н. „оружје на масовните медиуми“) за испраќање пораки до различна публика, а како главна цел на сето тоа е нарушување на политичка волја на противникот и привлекување на неутралното јавно мислење во нивна корист. Од тактичка гледна точка, големата пристапност до информации од научен карактер, како и размената на овие информации, доведе до промена на средствата за војување. Сè поголем е пристапот и користењето на индустриските хемиски гасови, течности, вештачки ѓубрива и многу други материи кои успешно можат да се искористат за масовни уништувачки напади со катастрофални последици. Од сето ова можеме да заклучиме дека, современото војување кое го диктираат не-државните актери, кои впрочем и ја загрозуваат меѓународната безбедност, е комбинација од тероризам и бунтовничко-герилско војување на светско ниво. Сите видови на бунтовнички операции имаат исти карактеристики, тоа се организирани движења кои имаа за цел да ја соборат владејачката структура со комбинација на сила и привлекување на јавното мислење.

[6] Larsoon V.S., Eaton D., Nichiporuk B. and Szayna S.T., *Assessing Irregular Warfare: A Framwork for Intelligence Analisis*, National Defense Research Institute - RAND, No. DASW01-01-C-0003, 2008, pp. 8.

Генералот на армијата на САД Дејвид Петреус ќе истакне дека: *„бунтовите се толку стари колку и самото војување. Заедничката доктрина бунтот го дефинира како движење кое се бори за соборување на актуелната влада со употреба на субверзии и вооружен конфликт“*.[7]

Според традиционалната дефиниција, бунтот се дефинира како смислено организирано насилство од страна на домашни бунтовници кои преку одередени средства и тактики се обидуваат да ја соборат веќе постоечката власт. Во изминативе години со помош на глобализацијата дојде до извесни промени, според кои, прво дојде до зголемување на бунтовничките операции, а потоа дојде и до нивно меѓусебно мултинационално идентификување и здружување во остварување на нивните цели.[8]

Во одредени момент, бунтот мора да отпочне со директни операции против постоечката власт со цел да успее. Ова може да биде во форма на герилска војна, тероризам, убиства на функционери, саботажи и други видови нерегуларни асиметрични насилства. Во исто време, бунтовниците мора да продолжат да ги подобруваат своите вештини, да ги обучат своите борци, да акумулираат ресурси и да мобилизираат поддршка. Тие можат тоа да го направат со склучување на надворешни сојузи, криминал, кражби, продажба на дрога, киднапирање, преку активности на црниот пазар, перење пари, фалсификување, пиратска стока, нелегална употреба на добротворни организации, рекетирање и изнудување. Тие можат сами да го купат оружјето, да го добијат на подарок од нивните надворешни сојузници или насилно да го одземат од владините сили. Повеќето, но не и сите бунтовници, исто така настојуваат да се зголеми нивниот легитимитет, јавната поддршка, а во некои случаи работат и на нивно меѓународно прифаќање.[9]

Потпомогнати од предностите што им ги донесе глобализација, бунтовниците и бунтовничките движења еволуираа во т.н. „трет тип на локално-глобални бунтови“. Во тој контекст, со добивање надворешна поддршка, еден бунт од локален може да прерасне во регионален или глобален бунт. Таков беше случајот во Ирак, а потоа продолжи и во Авганистан, Сирија и Либија. Со вклучувањето на мотивите на „глобален

[7] Lieutenant General, Petraeus D. and Lieutenant General Mattis N. J., op.cit..., pp. 1-4.
[8] Hemmes X.T., op.cit..., pp. 3.
[9] Metz S. and Millen R., *Insurgency and Counterinsurgency in the 21st Century; Reconceptualizing Theat and Respose*, Strategic Studies Institute (SSI), November 2004, pp. 3.

џихад“, промовиран од Ал Каеда и други надворешни фактори, а во соработка и со помош од членовите на „БААТ“ партијата во Ирак и талибанското движење во Авганистан, џихадистите во Сирија, бунтовниците во Либија, од локален бунт прерасна во „глобален џихад“ против неверниците. Третиот тип на бунтови се различни, понекогаш лабаво, а понекогаш и цврсто поврзани со заедничка агенда, како, на пример, исламска опозиција против „христијанскиот запад“ и нивните поддржувачи.[10] Ал Каеда ова идеја во Авганистан ја реализираше преку нејзините лидери и преку лидерите од талибанското движење на Хезби-и-Ислами, а сите тие заедно планираа Авганистан да биде дел од „пан-исламскиот калифат“ во муслиманскиот свет.[11]

Истражувањата на теренот и добрите анализи им помагаат на воените команданти во планирање на кампањата за противбунтовничките операции и определувањето на бунтот. Анализите треба да ги опфатат следниве информации:

- коренот или причините за бунтот;
- степенот до кој ужива поддршка на внатрешен и на надворешен план;
- тактиките кои бунтовниците ги користат за да ја добијат поддршката од домашното население;
- мотивацијата на бунтовниците и нивната посветеност на целите на бунтот;
- најкористено оружје и тактика на бунтовниците;
- средината во која оперираат бунтовниците и се обидуваат да ја развијат својата кампања;[12]

Непријателите во ова војна не се традиционални, конвенционални воени сили, туку распрскани глобални терористички мрежи кои го користат исламот да ги унапредат своите радикални политички цели. Главна цел на овие сили е достапност до нуклеарно и биолошко оружје, со цел да убијат колку што може повеќе Американци и други народи од целиот свет. Тие користат терор, пропаганда и дискриминирачко насилство во обид да се потчини муслиманскиот свет под радикална теократска тиранија, додека во меѓувреме

[10] Gombert C.D., Gordon J.IV., Grissom W.A., Frelinger D.R., Jones G.S., Libicki C.M., O'Connell E., Stearns K.B. and Hunter E.R., *War by the Other Means - Building Complete and Balanced for Counterinsurgency*, National Defence Research Institute - RAND, 2008, pp. 30.
[11] Fair C.C. and Jones G.S., *Securing Afghanistan*, United States Institute of Peace, 23 January 2009, pp. 6.
[12] Lieutenant General Petraeus D. and Lieutenant General Mattis N. J., op.cit... pp. 1-4.

се обидуваат да го овековечат конфликтот со САД и другите негови сојузници и партнери. Оваа војна бара од армијата на САД да усвои неконвенционални индиректни пристапи. По 11 септември 2001 година, нерегуларната војна се појави како доминантна форма на војување со која се соочуваат САД, нивните сојузници и партнери. Во ова насока треба да се преземат долготрајни операции, вклучувајќи неконвенционална тактика, странска внатрешна одбрана во земјите зафатени од бунтот, борба против тероризмот, борба против бунтовништвото и, на крајот, операции за стабилизација и реконструкција.[13]

Оттука јасно се гледа дека нападите од 11 септември претставуваат пресвртница на нештата. После нападите, САД во својата Националана стратегија,[14] Европската Унија во својата безбедносна стратегија[15] и Извештајот на Генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации[16], го вклучуваат и тероризмот како „чиста и присутна опасност која ја наметнува потребата од поинаков пристап во размислувањето на употребата на сила во меѓународните односи“.

По терористичките напади на 11 септември 2001 година врз зградата на Светскиот трговски центар во Њујорк од Ал Каеда, САД со другите држави партнери, формираа т.н. антитерористичка коалиција која ќе се бори против глобалниот исламски тероризам во светот. Коалицијата ја формулира и дефинира нејзината првична доктрина наречена „глобална војна против тероризмот“, и истата започна со директни напади врз двете држави кои отворено го помагаа и го поддржуваа тероризмот и терористичките организации, а тоа беа Авганистан и Ирак. Точно е дека постои поврзаност помеѓу тероризмот и бунтоништвото, но тоа е само во контекст на честото користење на тероризмот како една од тактиките кои со успех ја користат бунтовниците, но во друга релација тие не треба да се поврзуваат. Историските истражувања од 20-тиот век исто така покажуваат поврзаност, но дефинитивно бунтот и тероризмот не се исто.[17] Извештаите од теренот

[13] Larsoon V.S., Eaton D., Nichiporuk B. and Szayna S.T., op.cit…, pp. 48.
[14] The White House, „The national Security Strategy of the United States of America“, Washington DC, September 2002.
[15] European Union, „A Secure Europe in a Better World, A European Security Strategy“, Brussels, The European Council, 2003
[16] United Nation, „High-level Panel on Threats, Challenges and Change, A More Secure World: Our Share Responsibility“, New York, UN, 2004
[17] Lieutenant General Leahy P., *Counterinsurgency*, The Australian Army Journal, Land Warfare Studies Centre Commonwealth of Australia, 2008, pp. 44.

укажуваа на промените на глобалниот тероризам од 20-тиот век во нова форма на транснационална недржавна војна што личи на „глобален бунт“. Најдобрите примери за тоа се актуелната ситуација во Авганистан, Сирија, Ирак, Либија итн.

*****

Во самиот вовед на овој научен труд, како што наведовме, без познавањето на генезата на ова проблематика, менувањето на начинот во војувањето како една од причините, последиците од новите безбедносни закани, новите тактики кои се користат од страна на актерите во овие процеси, средствата, последиците по животот и по имотите на луѓето од тие акции итн., нè ставаат во неповолна положба кога не може да очекуваме ниту соодветна тактика за борба, ниту соодветна законска регулатива која би била во корелација со употребата на сила во борбата против тероризмот и бунтовништвото. Оттука, во иднина би требало да се преземат нови акции во однос на правниот моментум, национален и меѓународен, а со ова се наметнува потребата од ревидирање или дополнување на постоечките национални законодавства, но и поведување иницијатива за креирање и усвојување соодветни меѓународни документи во врска со решавање на ова проблематика.

Во овој процес е вклучена и Република Северна Македонија која е директно инволвирана во овие процеси, како преку состојбите во рамките на своите граници (проблемот со напливот на емигранти од Блискиот Исток, повратници на директните учесници на воените полиња во Сирија кои се државјани на РСМ), така и преку учество на воени контингенти во мировните операции за постконфлитна стабилизација во Авганистан, Сирија, Босна, Ирак и други места. Во иднина би требало да се посвети поголемо внимание во насока на зајакнување на националната безбедност и борбата против глобалните закани. Овде е секако потребно вклучување на научната мисла, која е директно и индиректно инволвирана преку анализа на досега стореното во овие процеси, со давање препораки и насоки на државните институции при планирање на вакви мисии и надополнување на законската регулатива која директно и индиректно ја регулира оваа материја.

1.2.Новите противтерористички и противбунтовнички операции во постконфликтни општества

Откако во погорниот дел од текстот ја објаснивме генезата на тероризмот и бунтовништвото и неговата еволуција во наредниот дел од текстот ќе се обидеме да ги објасниме сите процеси кои се одвиваат во противтерористичките операции (ПТ) и во противбунтовничките операции (ПБ). При планирање на противтерористички и противбунтовнички операции во државата која е зафатена од бунт примарна задача во планот е брзо дефинирање и што побрзо воспоставување политички систем предводен од легитимна влада, а тоа е во насока да се докаже и да се потврди легитимитетот на локалната власт, а со тоа да се намали употребата на странска сила против терористичките и бунтовничките движења. Сите влади владеат преку комбинација на согласност и принуда. Владите кои се карактеризираат како „легитимни“, првенствено владеат во согласност со легитимитетот даден од граѓаните, додека пак владите кои се карактеризират како „нелегитимни”, се со тенденција при владеењето да се потпрат во целост на средствата за принуда. Граѓаните во овие ентитети ја почитуваат власта и државата само заради стравот од последиците, а не затоа што ја поддржуваат власта која ја води државата.[18]

Секако, една од примарните цели при планирање на овие операции, за да се постигне позитивен резултат, е давање поддршка на политичката партија во која граѓаните имаат најголема доверба, но само во случај ако нејзината политика е во корелација со политиките и вредностите за кои се организираат операциите. Основна цел на партијата на која е дадена поддршка ќе биде да ги мобилизира групите и силите околу нив, да понуди програма со која подобро ќе се решат проблемите и сиромаштијата, и секако земјата ќе ја води кон подобар политички, социјален и економски развој. Безбедносните операции од страна на воено-полициските сили во комбинација со ефективно и легитимно спроведување на правдата, ќе треба да обезбедат потребна безбедност и сигурност во кои треба да се одвива општествениот развој.[19]

[18] Lieutenant General Petraeus D., and Lieutenant General Mattis N. J., op.cit..., pp. 1-16.
[19] Metz S. and Millen R., op.cit..., pp. 17.

Со цел да се спречи бунтовничкото движење, со помош на домашната влада најпрво мора да се даде легитимитет на полициските сили, бидејќи доколку дојде до употреба на сила незаконски, тоа може да предизвика спротивен ефект и како последица на тоа локалното население може да се солидаризира со бунтовниците. Од аспект на новите модели на вакви мисии, употребата на странска воена сила треба да биде последната мерка што би требало да се преземе. Самата употреба на сила го зголемува публицитетот и го јакне бунтовничкото движење, и пропорционално на тоа ја ослабува владата и ја зголемува можноста за промена на владата од страна на бунтовниците или прераснување на бунтот од локален во регионален, како што тоа се случуваше во Ирак и Авганистан.

Противбунтовничките и противтерористичките операции треба да се соочат со реалноста на средината во која ќе се изведуваат операциите. Кампањите мораат да бидат водени од политиката, да имаат меѓународен карактер, да бидат мултисекторски и мултифункционални во однос на способностите на учесниците во операциите. Целта на сето ова е да се реализира кампањата, која е нешто повеќе отколку само поставени прашања за воените загуби во борбата против бунтовниците и терористите.[20]

Можеби најголемиот проблем во Авганистан, којшто влијаеше со текот на годините, и покрај сите напори за стабилизирање, да не дојде до целосна стабилизација на земјата, како и до зајакнување на легитимитетот на владата, беше токму лошата стратегија која започна со градење на легалитетот од врвот па надолу, а не во спротивна насока.[21]

Соединетите Американски Држави како водечка сила во овие операции, при планирање на операциите треба да ги препознае и да ги организира операциите во соработка со трите бунтовнички средини кои бараат различен одговор:

1. Во средини со функционална и одговорна влада, но влада со помал легитимитет, со значителна поврзаност со американските национални интереси и традиционални врски, со заедничка воена интервенција може да се

[20] Mackinlay J. and Al-Baddaway A., op.cit..., pp. 48.

[21] Lough O., op.cit..., pp. 1. Голем број Авганистанци го нагласуваат консензусот на локално ниво како најбитен дел од политичките процеси.Цитирајќи ги локалните совети - јиргите, кои на градењето на консензус гледаат како на постабилен систем во однос на западниот индивидуализам. Додека на политичките партии гледаат како на потенцијално деструктивни сили кои ја влошуваат поделбата помеѓу етничките групи а со тоа го зголемуваат и ризикот за конфликт.

спаси постоечката влада и да се стабилизира државата (случајот со Ел Салвадор);

2. Во средини со нефункционална и нелигитимна влада, но каде што постои меѓународен и регионален консензус за создавање нео-старателство врз таа држава, САД треба да обезбеди воена, политичка и економска поддршка, како дел од мултинационалните сили кои работат под покровителство на Обединетите нации;

3. Во средини каде што не функционира влада, а нема ни меѓународен ни регионален консензус за фомирање нео-старателство, САД во соработка со другите држави од регионот и пошироко треба да премине кон создавање на „безбедносни зони“ во рамките во регионот на конфликтот.[22]

Противтерористичките и противбунтовничките операциите немаат класичен пристап на војна, овие операции можат да се класифицираат како класична странска внатрешна одбрана, исто така овие операции се одликуваат со цел еден спектар на операции, вклучувајќи ги и операциите за стабилизација. Бунтовите се комплексни и не можат да се завршат едноставно само со елиминација на бунтовниците. Кога бунтот ќе тргне во офанзива, тогаш операцијата треба да премине во дефанзива и преку реформи и проекти за стабилизација да се обиде да ја добие довербата кај народот, а со тоа и легитимитетот за употреба на сила за да може да тргне во противофанзива. После офанзивните операции сè повеќе треба да се намалуваат воените операции во однос на цивилната компонента и проектите за стабилизација. Крајна цел на операциите треба да биде градење легитимен политички систем и сè помала поддршка и солидаризирање на населението со бунтовниците.[23]

Еден од клучните моменти во бунтовничките и противбунтовничките операции е т.н. „учење на натпреварот“. Бунтовниците имаат тенденции да бидат високо приспособливи на тактичко и на оперативно ниво. За да се одговори на ова, концептот на овие операции треба да биде адаптибилен, брзо да се учи и да се реагира на новите предизвици.[24]

Најтешкиот облик на бунт, како што наведовме погоре, е бунтот кој по своите дејства е распространет на територија на повеќе држави и е

[22] Lieutenant General Leahy P., op.cit..., pp. 38.
[23] Lieutenant General Petraeus D. and Lieutenant General Mattis N. J., op.cit..., pp. 1-3.
[24] Metz S. and Millen R., op.cit..., pp. 25.

квалификуван како верски бунт. Во ваков случај употребата на странска сила во сузбивање на овој тип бунтови, колку и да е легитимна, според искуствата од војните во Авганистан и Ирак, се покажува дека не е прифатена од страна на локалното муслиманско население. Таквите воени операции со помош на пропагандата на бунтовниците, добиваат елемент на сила употребена од страна на „крстоносците“ против муслиманите. Од овие причини, новите модели на противтерористичките и противбунтовничките операции, бараат употребата на сила сè почесто да биде спроведувана од националните сили.

Повеќе американски сили би биле корисни, но само ако се употребат за градење на авганистанските капацитети и заштита на населението.[25] Употребата на сила од страна на националните владини сили некогаш може да биде и меч со две острици, од причина што кај недолжното население кое било трауматизирано со години наназад од претходните локални режими, како што беше случајот со режимот на Талибанците во Авганистан и со режимот на Садам Хусеин во Ирак, употребата на сила може да предизвика погрешен ефект и повторно да создаде отпор кај локалното население.[26]

Во контекст на погоре наведеното при планирање на овие операции подобро е поголема употреба на цивилната компонента, со јакнење на економската стабилност, давање можности за подобар живот со реализација на цивилни проекти, воспоставување стабилен правен систем, функционална администрација и, секако, соодветна и законска употреба на сила од страна на националните безбедносни сили (војска, полиција и безбедносните служби) во заштита на системот.[27]

Степенот на успех или неуспех може да се мери преку резултатите од рехабилитацијата на населението, насилните инциденти, економскиот раст, прифатеноста на индивидуалните слободи, подобрување на инфраструктурата, успешното функционирање на училиштата и болниците, како и реставрацијата на урбаните објекти. Од перспектива на спроведување

[25] Fair C.C. and Jones G.S., op.cit..., pp. 1.
[26] Gombert C.D., Gordon J.IV, Grissom W.A., Frelinger D.R., Jones G.S., Libicki C.M., O'Connell E., Stearns K.B. and Hunter E.R., op.cit..., pp. 63.
[27] Меѓународните и регионални организации, државните владини агенции, организациите на ОН итн., во зависност од потребата и конкретната ситуација може да бидат вклучени во некои ПБО. (Lieutenant General Petraeus D. and Lieutenant General Mattis N. J., op.cit..., pp, 2-6).

на операциите, овие карактеристики ќе ги покажат и добрите и лошите страни на кампањата.[28]

1.3. Меѓународни правила и принципи кои непосредно и посредно се применуваат во борбата против тероризмот и бунтовништвото

Како што погоре во текстот објаснивме, тероризмот и бунтовништвото низ времето, гледано од страна на средствата и тактиката што ја користат терористите и бунтовниците, константно се менува. Во контекст на ова, би требало исто така и правилата и принципите кои ја регулираат оваа правна материја да бидат во корелација со промената на средствата и тактиките на бунтовниците и терористите. Клучниот момент за реакција од страна на државите кои беа непосредно и посредно зафатени со оваа проблематика беа нападите на терористите на Ал-Каеда на 11 септември 2011 година во Соединетите Американски Држави. После нападите дојде до значителна промена во традиционалниот пристап кон употреба на сила во меѓународното право.

Во таа насока, може да се забележи дека гледано од легален аспект, досега во меѓународната пракса во третманот на бунтовништвото и тероризмот се изградени три аспекти на употреба на сила, кои ентитетите ги користат како еден од механизмите во справувањето со него:

- **Прво, третман на тероризмот и бунтовништвото како криминален акт.**
- **Второ, третаман на тероризмот и бунтовништвото како внатрешен вооружен конфликт.**
- **Трето, третман на тероризмот и бунтовништвото како меѓународен вооружен судир.**

Третман на тероризмот и бунтовништвото како внатрешен проблем односно **криминален акт.** Борбата со тероризмот и бунтовништвото во овој случај се одвива преку употреба на полициски сили и на други извршни органи кои имаат за задача да го обезбедат ефективното извршување на законите и владеење на правото. Нормативната рамка се бара во домашното

[28] Mackinlay J. and Al-Baddaway A., op.cit..., pp. 61.

законодавство и во меѓународните правила и стандарди за заштита на човековите права со цел справување со терористите и нивните активности.

Третман на тероризмот и бунтовништвото како **внатрешен вооружен конфликт**. Во овој случај употребата на сила е регулирана со меѓународните правила за внатрешен вооружен конфликт, со меѓународните стандарди за заштита на човековите права и секако како најприоритетно се јавува домашното законодавство. Употребата на сила се остварува со употреба на комбинација од полициските и други извршни органи, од една страна, и армиски сили, од друга страна.

Најсовремен, но во исто време и најконтроверзен е **Третиот** третман на тероризмот и бунтовништвото како закана за светскиот мир и безбедност, кој од правна гледна точка претставува меѓународен вооружен судир. Овде нормативната рамка за употреба на вооружена сила треба да се бара во правилата и принципите на меѓународнотото право за вооружен конфликт, односно во одредбите на Повелбата на ОН.[29]

Ескалација на тероризмот и бунтовништвото е причина заради која се јавува потребата од поефикасна правна регулатива на меѓународната заедница и државите кои се директно или индиректно вклучени во борбата против тероризмот и бунтовништвото. Очигледно ни се потребни нови унифицирани мерки преку меѓународни конвенции, договори, правила и принципи преку кои ќе се прават напори за спречување, сузбивање и казнување на овие дела кои директно го загрозуваат мирот и безбедноста на меѓународниот светски поредок.

Во наредниот дел од текстот ќе биде презентиран дел од постоечката меѓународната правна регулатива која директно и индиректно се применува во борбата против тероризмот и бунтовништвото. Конкретно, тероризмот се јавува како меѓународен политички и правен проблем, затоа што во содржината на неговото битие се испреплетуваат елементите на кривично дело и политички

[29] Повелбата на ОН е основачкиот договор за формирање на Обединетите нации. Таа беше потпишана во зградата на Воениот меморијален центар и Центарот за сценска уметност, во Сан Франциско, САД, на 26 јуни 1945 година, од 50 од вкупно 51 првични земји членки (Полска која немаше претставник на конференцијата, потпиша подоцна). Повелбата стапи на сила на 24 октомври откако беше ратификувана од пет постојани земји членки на Советот на безбедност.

деликт.[30] Еден од клучните проблеми со кој се соочува меѓународната заедница практично поаѓа од неможноста за унифицирано дефинирање на тероризмот. Во контекст на ова нема да навлегуваме во анализа на дефиниции кои се среќаваат за тоа што е тероризам, ќе ја наведам само дефиницијата на Брајан Џенкинс според кој „*Тероризмот преставува нелегитимна употреба на сила за постигнување политичка цел кога невини луѓе служат како мета.*“[31]

Тероризмот во меѓународното право се третира како активност на физички лица кои дејствуваат индивидуално или во групи, а непосредно жртви на терористичкиот акт се физички лица (пред сè цивилно население), додека заплашувањето и уценувањето е насочено против одредена држава. Од друга страна, и државите можат да бидат одговорни за терористички акти извршени од страна на поединци, ако активно ги помагаат и толерираат на начин со кој се стимулираат терористите. Ако одреден терористички акт е изведен од лица кои се службеници на одредена држава (припадници на одредени разузнавачки служби), тогаш на кривична одговорност подлежат како извршителите така и државата што ги испраќа. Во резолуцијата на Генералното собрание на ООН 2625 (XXV) од 1970 година се дадени одредбите со кои се регулираат односите помеѓу државите со декларација која гласи:

„Секоја држава има должност да се воздржи од организирање, поттикнување, помагање или учество во вооружени судири или терористички акти, толерирањето на организирање активности на сопствената територија ако тие активности се насочени кон извршување на акти на закана или употреба на сила.“[32]

Доколку се направи анализа на законската регулатива во меѓународни рамки, можеме да констатираме дека таа постои, и асиметричните закани, особено тероризмот, може да се поведат под нејзина јурисдикција, но во поглед на ефикасноста на справување тоа е недоволно и нецелосно па добиваме впечаток дека меѓународната заедница реагира пасивизирано, и бавно посебно кога се работи за терористички напади и организации од типот

[30] д-р Зоран Верушевски, Меѓународно-правни димензии на тероризмот, списание „Безбедност“, Скопје, бр.3,1996 год.428

[31] Митко Котовчевски., Современ тероризам, Македонска цивилизација, Куманово,2003,стр.23-35.

[32] Пошироко: Владимир Ортаковски., Меѓународно право и правото да се живее во мир, скрипта Скопје, 2003 година стр.11-14.

на Ал Каеда.[33], Можеме да кажеме дека меѓународната заедница самата си ги врзува рацете и не може да одговори соодветно на употребата на сила во борбата против тероризмот и бунтовништвото бидејќи истата „слепо“ се води по меѓународното право и неговите конвенции.

1.3.1. Правилата на меѓународното право со кои непосредно се регулира тероризмот

Во меѓународното право првиот обид за регулирање на тероризмот е направен во Лигата на народите кога е донесена:

***Женевската к*онвенцијата за спречување и осуда на тероризмот од 1937 година,** каде согласно со член 1 од Конвенцијата се потврдуваат меѓународно-правните принципи според кои, секоја држава треба да се воздржува од дејствување во насока на поттикнување тероризам и акти на тероризам против друга држава и дека државите ќе работат во насока на спречување и казнување на акти на тероризам, како и дека се обврзуваат на меѓународна соработка во оваа насока.

По завршување на Втората светска војна и со создавање на ООН како нова меѓународна организација на темелите на згаснатото Друштво на народите со цел создавање систем заради зачувување на меѓународниот мир и безбедност, покрај регулирањето на односите со државите и конвенциите кои ја регулираа војната, донесени се неколку конвенции кои директно се однесуваат на тероризмот, а кои можат да се поделат во неколку групи, и тоа:

а) Конвенции за заштита на меѓународните комуникации,

б) Конвенција за спречување и казнување на кривични дела против лица под меѓународна заштита, вклучувајќи ги дипломатските агенти,

в) Меѓународна конвенција против земање заложници и

г) Меѓународни конвенции кои содржат регулатива што го санкционира тероризмот како криминален акт.[34]

[33] Ал-Каеда е глобална воена исламистичка терористичка организација основана од Осама Бин Ладен во периодот помеѓу август 1988 и крајот на 1989 година.Работи како мрежа на мултинационална армија од лица без државјанство и радикално движење на сунитите за глобален џихад и интерпретација на шеријатот. Прогласена е за „терористичка организација“ од страна на САД, Обединетото Кралство, Советот за безбедност на ОН , Европската Унија, НАТО и многу други држави.

[34] Tokyo Convention On Criminal Acts and Some Other Acts Perpetrated In Aircrafts (1963), Hague Convention on Combating Skyjacking (1970), Montreal Convention On Combating Illegal Acts the Security of Civil Aviation (1971), Convention on the Prevention and Punishment of Crimes Against Internationally Protected Persons,

Светската поштенска конвенција, со која се предвидува дека државите треба да преземат мерки за донесување на потребните законодавни начела со кои ќе се спречат сите дела кои би го загрозиле животот на невиното население преку ставање експлозивни и други видови убиствени материјали и супстанции.[35]

Токиската конвенција од 1963 година, која се однесува за кривични дела и некои други акти извршени во воздухопловите, но не регулира некоја посебна област или дела за кои се однесува (на пример, членот 3 од Токиската конвенција се однесува на надлежноста на државата каде што се регистрирани воздухопловите, и истата е надлежна за кривичните дела случени во нив).

Хашката конвенција за спречување на грабнувањето на воздухоплови од 1970 година. Таа содржи: ***прво,*** регулатива со која ги обврзува потписничките да преземат строги мерки против сторителите, ***второ,*** елементи со кои се осигурува кривичното гонење и јурисдикција на судот. Тоа овозможува судот на државата на чија територија е извршен актот, независно за чиј државјанин станува збор, да ја задржи јурисдикцијата.

Монтраелската конвенција за спречување на противправните акти за загрозување на безбедноста и цивилното воздухопловство од 1971 година и Протоколот на истата од 1988 година, се однесуваат на засилување на заштитата на воздушниот меѓународен сообраќај, ставајќи го акцентот на техниката со која се извршуваат вакви акти, без да се развие нормативна содржина која ќе ги уреди постапките за кривично гонење и казнување на сторителте.[36]

Конвенцијата за спречување и казнување на кривични дела против лица под заштита на меѓународната заедница, вклучувајќи ги и дипломатските агенти од 1973 година.[37] Освен вообичаените обичајни

Including Diplomatic Agents (1973), International Convention Against the Taking of Hostage (1979), Convention for The Prevention and Punishment of Terrorism, Geneva, 16 November 1937. League of National Official Journal, vol 19, (1938) 23-29.

[35] Svjetska postenska Konvencija, Sluzbeni list SFRJ, Dodatak:Megunarodni ugovori I drugi sporazumi, 1959, str.2, cl 47,60

[36] Конвенција за сузбивање на противправните дела против сигурноста на цивилното воздухопловство донесена е во Монтреал 1971 г. а на сила стапила 1973 г. **(Convention for Suppression of Unlawful Acts Against the Safety of Civill Aviation)** и Протокол за сузбивање на противправни дела на насилство врз службениците во меѓународните цивилни воздухоплови, на Конвенцијата, потпишана во Монтреал на 24.03.1988 г. **(Protocol on the Suppression of Unlawful Akts of Violence at Airport Servind International Civil Aviation, Supplementary to the Convention for the Suppression of Unlawful Acts Against the Safety of Civil Aviation)**

[37] Convention on the Prevention and Punishment of Crimes Against Internationally Protected Persons Including Diplomatic Agents, усвоена со резолуција на ГС на ОН 3166 од 14.12.1973, а на сила стапила 1977.

правила на дипломатското право, кое се донесени во насока на генерирање обврски за заштита и неповредливост на органите на меѓународните односи, оваа Конвенција детално го утврдува кругот на меѓународно правно заштитените лица и донесува листа на дела кои се сметаат за забранети и казниви, а кои дела се насочени против лица за чија заштита е донесена оваа Конвенција.

Меѓународна конвенција против земање заложници од 1979 година. Предноста на оваа Конвенција во однос на претходните (конвенции од областа на заштита на воздушниот сообраќај и заштита на дипломатски претставници), се гледа во фактот што оваа Конвенција го дефинира земањето заложници во однос на целта за која е извршено делото, и тоа: ***секое лице кое ќе киднапира или лиши од слобода друго лице со цел, со ослободување на лицето да изнуди остварување на одредена цел или, воздржување од дејство на некое трето лице, врши кривично дело земање на заложници***. Согласно со *член* 2 државите договорнички се обврзуваат делото земање на заложници во сопствените законодавства да го класифицираат како кривично, односно тешко кривично дело. Со дополнителните Протоколи I и II на Женевските конвенции постигната е општа согласност околу тоа дека никој нема право да зема заложници (no one shold be garanted an open licence for taking hostage) дури и во случај на национално ослободително движење и борба во име на правото на народите.[38]

Конвенција против земање заложници, склучена во Њујорк на 17 декември 1979 година.

Конвенција за физичка заштита на нуклеарен материјал, склучена во Виена 3.3.1980 година.

Меѓународните конвенции кои содржат регулатива што го санкционира тероризмот како криминален акт. Оваа група на конвенции ја сочинуваат две конвенции, и тоа: ***Конвенција за сузбивање на терористичките бомбардирања и Конвецијa за сузбивање на финансирање на тероризмот***.[39] Третманот со кој терористичките акти се

[38] Заштита на цивилното население е уредена со IV женевска конвенција од 1949 година и дополнителните Протоколи I и II од 1977 година.

[39] (International Convention for Suppression of Terrorist Bombings) од 25.11.1997 година и (International Convention for Suppression of Financing the Terrorism) од 8.12.1999 година, и двете депонирани во секретаријатот на ОН и донесени од ОН, а ратификувани од САД, В.Британија, Франција и др.

третираат како криминални акти е она по што тие се издвојуваат од останатите конвенции, без притоа да се однесуваат на заштитата на конкретните институции, лица или комуникации од тероризмот.

Конвенција за сузбивање на терористичките бомбардирања.

Во *членот* 1 на оваа Конвенција за сузбивање на терористички бомбардирања, јасно се дефинираат термините кои ќе ги третира (државно и владино средство, инфраструктурно средство, експлозив или друго смртоносно средство). Во *членот* 2 се дава посовремен пристап кон спречување на тероризмот, односно вршење притисок и незаконски и намерно доставување, поставување, детонирање експлозив, или друго смртоносно средство на јавни места, во држава или во владин објект, јавен превоз, или објект на инфраструктура, со намера да се предизвика смрт или сериозни телесни повреди, или да се предизвика голема штета на таквото место, објект или систем, којашто причинува или може да причини економска штета. Со овој член се предвидува санкционирање на дела кои се насочени против воените сили на државата (како елемент на владата или владин објект), додека во *ставот* 1 од истиот *член* како кривично дело со овој акт се предвидува и *обидот за извршување на такво дело*, во *ставот* 3 се санкционираат соучесниците, организаторите и лицата кои на каков било начин ќе придонесат за извршување на ваков чин. Оваа конвенцијата врши обид за стандардизација на законодавствата на земјите потписнички, како значаен сегмент со кој се прави чекор напред во правната легислатива на уредување на тероризмот на меѓународно ниво, со исклучување на можноста актот да се сокрие од политички побуди, а целта би била сторителите да ја избегнат екстрадицијата. Иако јурисдикцијата е во рацете на домашното законодавство сите држави потписнички се обврзуваат на меѓусебна соработка на ова поле, притоа државата потписничка е должна да го извести генералниот секретар на ОН за исходот на случајот.

Конвенција за спречување на финансирањето на тероризмот. Со оваа Конвенција е направен нов пристап кон овој феномен, во смисла на спречување и дејствување преку соодветни мерки, против финансирање на тероризмот и терористичките организации, без разлика дали се работи за директно или индиректно финансирање преку организации кои тврдат дека имаат социјални, културни или добротворни цели или кои се ангажирани во

незаконски активности (недозволена трговија со оружје, дрога, рекетирање и сл.), вклучувајќи и експлотација на лица со цел финансирање терористичка активност. Во *членот* 1 се даваат поимовни одредби на она што во понатамошниот контекст ќе го третира оваа конвенција, додека во *членот* 2 од Конвенцијата за спречување на финансирањето на тероризмот се предвидува во кои услови и кога лице (физичко и правно) врши престап предвиден со постојното законодавство. Конвенцијата содржи 28 члена во кои е регулирано дека како финансиски прекршок се одредува акт со кој се земаат финансиски средства, директно или индиректно, незаконски и со намера да се користат истите, или знаејќи дека ќе бидат користени за кое било дело. Во рамките од одредбите за заемна соработка е предвидена екстрадиција, и тоа на ист начин како и во претходната Конвенција. Од друга страна, при примена оваа Конвенција делата за *финансирање на тероризам* внимателно ги одвојува од *даночните прекрш*оци (*разбрано како криминално дело*), што е уште еден значаен сегмент, ако се знаат современите трендови на терористите и новите дефинирања на истите, со цел да се добие реална оцена за тоа дали е или не е извршено финансирање на терористичка група.. Конвенцијата упатува на партикуларен пристап од случај, при што последователно може да се прави и анализа за *заплеткаността* на лицата и компаниите во мрежата за организираниот криминал.

Резулуциите на Обединетите нации за спречување на тероризмот како непосредно применливи правила на меѓународното право во борбата против тероризмот. Од страна на Светската организација се донесени три резолуции кои се одликуваат со релативно слична содржина.[40] Првата Резолуција е усвоена во 1972 година, кога за првпат и отворено е ставена оваа тема пред Генералното собрание како предмет на расправа, втората е усвоена 1976 година по тригодишна пауза и непреземање на какви било мерки во насока на спречување на овој феномен, и третата во 1978 година на која со бројна согласност е установено дека справувањето со тероризмот првенствено треба да се одвива преку разбирање на причините за појава на истиот, а потоа со усвојување на одредби за негово спречување. Меѓутоа, блокирањето на процесот на правното уредување на тероризмот

[40] Резолуција 3034 (XXVII) од 1972 година, Резолуција 31/102 од 1976 и Резолуција 32/147 од 1978 година.

токму заради политичките импликации, најдобро го објаснува фактот што во речиси сите резолуции кои го третираат овој проблем е присутен ставот дека актите не го осудуваат тероризмот туку се истакнува само загриженоста за жртвите. За разлика од преамбулата, во оперативниот дел на Резолуцијата 32/147 од 1978 година и покрај тоа што се нагласува загриженоста за сè поголем број жртви од тероризмот, видна е одредена разлика со која се чувствува унапредување на полето во борба против тероризмот. Така, додека во Резолуцијата од 1972 година се зборува за *акти на насилство општо*, во двете наредни резолуции се именуваат како *терористички акти*. Значаен е фактот дека во оперативниот дел од текстот се гарантира правото на борбата за самоопределување на народите но, само за народите кои се под *колонијална или странска доминација*. Понатаму, се осудуваат терористичките акти кои произлегуваат од мерките на колонијалистите, како и од репресалиите преземени од нив против правото на борба за самоопределување и независност и основните слободи и права, т.е. делата на расистичките, колонијалистичките и странските режими се осудуваат како тероризам. Притоа, со ставањето на сè посилниот акцент на апсолутноста во борбата за самоопределување, од една страна, и нерасчистените односи на овој план, од друга страна, се влијае врз зголемување на јазот меѓу она што треба да се смета како оправдано и она што треба да се смета како забрането однесување.

Резолуцијата на ОН од 1996 година даде јасен сигнал со кој се истакна дека државите членки треба да работаат на спречувањето на финансирањето на тероризмот. Одовде произлезе и девизата дека еден од најдобрите начини за спречување на тероризмот е да се спречи неговото финансирање. Со своите резолуции Генералното собрание дава значаен придонес и во насока на влијанието врз државите за давање целосна и комплетна поддршка во осудување на тероризмот.[41] Како акти кои се значајни за работа на ОН, потребно е да се истакнат и: Декларацијата од 52-та сесија на Генералното собрание и резолуциите 52/210 од 1996 година и 53 од 53/108 од 1998 година каде се предвидува меѓународна размена на податоци, градење глобална стратегија и сл.

[41] OSUN res. 1551 (XXIV) 1969, OSUN res. 2645 (XXV) 1970 i OSUN res. 32/8 1977 став 1

Резолуциите на Обединети нации и одредбите за тероризмот од 2001 година. Од страна на Обединетите нации се донесени и резолуции кои се однесуваат на тероризмот, посебно во периодот по терористичките напади во САД во 2001 година. Со Резолуцијата 1368 (2001) се осудуваат терористичките напади врз САД и се повикуваат земјите да работат заедно во доведување на виновниците пред лицето на правдата. Со Резолуцијата 1333 (2000), ОН им нареди на властите во Авганистан да ги затворат камповите за тренинг на терористи, за преку Резулуцијата 1269 (1999) да ги осуди сите акти на тероризам без компромис, а наедно побара од државите да усвојат посебни мерки во таа насока. Со Резолуцијата 1267 (1999) побара од властите во Авганистан да се свртат против Осама Бил Ладен и да го изнесат пред лицето на правдата. Во својата работа Генералното собрание усвои Резолуција 56/1 во која најсилно се осудени терористичките напади и повика на итна акција на засилување на соработката помеѓу државите.

Соработката помеѓу државите согласно со Резолуцијата 1373 (2001), освен на поле на прифаќање на сите акти кои се донесени од Обединетите нации во насока на сузбивање на тероризмот, се однесува и на соработка на полето на размена на разузнавачки информации, размена на информации и помош во истражни постапки, помош во смисла спречување на движењето на терористите преку граничните премини со ефективна гранична контрола, соработка на административно ниво, како и соработка на билатерално и регионално ниво за спречување на терористите во нивните маневри преку границите на одделни држави.[42] Од осебно значење е што, како посебен механизам се предвидува и мониторинг на примена на одлуките на оваа резолуција, што во останатите сегменти на дејствување е далеку поразвиен. Мошне значајна одлука во споменатата резолуција е повикувањето на *член* 51 од повелбата. со што започнува еден сосема нов третман на тероризмот.

Анализите кои се направени и на ниво на ОН, го поврзуваат тероризмот секогаш со илегалните канали на дрогата, оружјето, белото робје и сл., заради што во 1999 година Собранието оформи Оддел за превенција од тероризам со седиште во Виена, познат како Канцеларија на ОН за контрола на криминалот и превенција од дрога, а веднаш потоа е отворена и канцеларија за превенција

[42] Види пошироко: Security Counsel Distr.: General Resolution 1373 (2001)

од тероризам.[43] Работната група на ОН за тероризам, што беше формирана по настаните на 11 септември, во извештајот кој го подготви до Генералниот секретар Кофи Анан, достави 31 препорака што ОН треба да ги преземе во врска со овој проблем. Препораките се содржани во две групи, и тоа: препораки кои се однесуваат на одвраќање на групите од тероризам и препораки кои се однесуваат на спречување на групи и поединци во извршување терористички акти.[44]

На полето на соработката во овој извештај се дадени предлози за различен облик на внатрешна и надворешна соработка во борбата против тероризмот, вклучувајќи го и предлогот со кој како клучен елемент на агендата на ОН ќе се стави тероризмот на состаноците со регионалните организации. Посебно, како организациии за соработка се назначени Интерпол, а е истакната и потребата од соработка со Организацијата за политички и стратешки истражувања поврзани со тероризмот. Во оваа, насока е и предлогот за вклучување на темата за совладување на тероризмот и борбата против него, како прашање од најголемо значење со цел да се разработува во склоп на целиот систем на организацијата на ОН и агенциите поврзани со неа. Секако дека постојат и други мерки кои ОН ги користи и со кои придонесува на полето на сузбивање на тероризмот, како што се и: а) споменатите Декларации од 1994 година (донесени се одлуки со кои е потребно да се преземат мерки за спречување на тероризмот), и 1996 година (во која се осудуваат сите акти на

[43] UN Office for Drug Control and Crime Prevention vidi na www.un.org.terrorism /a57273 doc..

[44] UN report highlights new means to address international terrorism, The UN Policy Working Group on the UN and Terrorism е предводена и со неа претседава Kieran Prendergrast формирана е 2001 година. За работната група прифатливи се три области, и тоа првата се однесува на Постојните конвенции и акти на Обидинетите нации, особено во Конвенцијата од 1999 година која се однесува на спречување на финансирање на тероризмот. Втората област е онаа која се залага за одвраќање од фокусирање на терористичко спречување, преку непочитување на човековите права за што, работната група даде предлог за оформување на водич на Владите од најупотребуваните правила на меѓународното право во борбата против тероризмот и третата област е зајакнување на т.н. нелегални норми каде се мисли на посебни облици на влијание врз масите кое на предлог на групата би се остварувало со посебни предавања за лошите ефекти на тероризмот кај населението кое поддржувало терористи. Целиот рапорт може да се погледне на: www.un.org.terrorism/a57273 doc. Од овие насоки се препорачува позитивно функционирање и активирање на Комитетот за контратероризам со Резолуција 1373(2001) со цел да се примени засилена забрана на поддршка на тероризмот, како и зајакнување на поддршката на овој Комитет, а Канцеларијата за контрола на дрога и превентива од криминал да изработи драфт за легистлатива со која земјите ќе можат полесно да ги имплементираат одлуките донесени со Резолуцијата 1373. е препораката на Одделот на ОН за разоружување да изготви извештај за можна употреба на оружје за масовно уништување при терористички напади, со цел оперативните делови да го земат предвид при нивната обука во реализирање на мировните мисии, види www.un.org.terorism /a57273 doc.

тероризам), и б) иницијатива за донесување на нацрт за Конвенција против нуклеарниот тероризам и Широка конвенција за елиминирање на тероризмот. Република Северна Македонија ги има потпишано и ратификувано инструментите на Обединетите нации за борба против тероризмот.[45]

Прилог:1

Република Северна Македонија, во однос на инструментите на Обединетите нации за борба против тероризмот ги има потпишано и ратификувано следните документи:

1) ***Конвенција за превенција и казнување на злосторства против лица под меѓународна заштита исклучително и дипломатски агенти,*** Република Македонија е членка од 12 март 1998 година, по основ на спогодбата за сукцесија. Одредбите на Конвенцијата се имплементирани во членовите 141, 181, 182, 183, 309, 310, 311, 419, и 420 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08,139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14);
2) ***Меѓународна конвенција против земање заложеници,*** Република Македонија е членка од 12 март 1998 година, по основ на спогоба за сукцесија. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членот 421 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14);
3) ***Конвенција за сузбивање на нелегална заплена на авион***, Република Македонија е членка од 7 јануари 1998 година, по основ на спогодба за сукцесија. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членовите 302 и 303 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14,132/14 и 199/14);

[45] Види прилог: 1 на стр. 37 - 39 од трудов

4) ***Конвенција за казниви дела и одредени други дела сторени во воздухоплов,*** Република Македонија е членка од 30 август, 1996 година, по основ за сукцесија. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членовите 302 и 303 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08,139/08,114/09, 51/11,135/11, 185/11,142/12,166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14,132/14 и 199/14);
5) ***Конвенција за физичка заштита од нуклеарен материјал,*** Република Македонија е членка од 20 септември 1996 година по основ на спогодба за сукцесија; Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членовите 231, 288 и 407-б од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08,139/08,114/09, 51/11,135/11, 185/11, 142/12,166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14,132/14 и 199/14);
6) ***Конвенција за сузбивање на незаконските акти против безбедноста на цивилното воздухоплоство,*** Република Македонија е членка од 4 јануари 1995 година, по основ на спогодба за сукцесија; Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членовите 300 и 303 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14);
7) ***Протокол за сузбивање на незаконски акти на насилство на аеродроми кои служат за меѓународно цивилно воздухоплоство,*** дополнение кон Конвенцијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на цивилното воздухоплоство, Република Македонија е членка од 4 јануари 1995, по основ на спогодба за сукцесија. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членовите 304, 403-а 404 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14);

8) ***Меѓународна Конвенција за сузбивање на терористички напади со експлозивни материи,*** Република Македонија ја потпиша оваа Конвенција на 16 декември 1998 година, а ја ратификува на 6 мај 2004 година. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членот 288 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14);
9) ***Меѓународна конвенција за сузбивање на финансирање на тероризмот***, Република Македонија ја потпиша оваа Конвенција на 31 јануари 2000 година, ја ратификува на 6 мај 2004 година. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членот 273 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14).[46]

Согласно со член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

1.3.2. Правилата на меѓународното право кои посредно го регулираат тероризмот

Постојат правила кои посредно го регулираат тероризмот и содржат материјални норми со кои се уредува содржината која ја засилува борбата против тероризмот. Во наредниот дел од текстот хронолошки ќе ги наведеме меѓународните правила и принципи кои посредно служат во борбата против бунтовништвото и тероризмот.

Хашкиот правилник на законите и обичаите на војната од 1899 и 1907 година, член 23/а. Оваа конвенција го забранува отровот и отровните оружја.

[46] д-р Марјан Николовски, Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Скопје, 2008 година, стр. 68-70.

Протоколот од Женева од 1925 година, во кој забраната се пропишува и на хемиски и бактериолошки средства.[47]

Конвенција за забрана за развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја од 1993 година, со која се предвидува тотална забрана за употреба на хемиско оружје. На ова поле, сепак, битен хендикеп е немањето консензус за целосна забрана на нуклеарното оружје, што е плодна основа за терористите, но и реална опасност, полесно да дојдат до ваков вид оружје.

Конвенција за забрана и рестрикции на употреба на некои конвенционални оружја од 1980 година, кои можат да се сметаат како крајно опасни или имаат недискриминаторски ефект.[48] Во име на оваа Конвенција се донесени уште два Протокола I и II, каде што, со првиот се забранува употреба на примарно оружје со примарен ефект нанесување повреди со фрагменти кои не можат да се лоцираат во човековото тело со помош на Х-зраците, фрагменти кои се пластични и кои се полнат со пластика, наменети за заштита на борците, додека Протокол II на оваа Конвенција регулира материја која е утврдена и со Конвенцијата за спречување на терористички бомбардирања.

1.4. Борбата против тероризмот на Европската Унија (ЕУ)

Замислена да функционира најпрвин како економска заедница, а со создавањето услови и како заедница која ќе функционира врз база на заедничка политика на нејзините членки по однос на одредени прашања кон трети субјекти, ЕУ си ја постави целта да им обезбеди на луѓето висок степен на заштита во однос на нивната слобода, безбедност и правда.[49] Нејзината цел е да има важна улога при креирањето на светската политика, со целокупниот свој арсенал, таа секогаш треба да биде подготвена да одговори на заканата и опасноста од тероризмот. Ова е многу битно затоа што е факт дека не постои земја во Европа која не е загрозена, директно или индиректно, со тероризмот.

[47] International Law Concerning of Conduct of Hostilities, ICRC, Geneva, 1994, str. 178-179
[48] International Law Concerning of Conduct of Hostilities, ICRC, Geneva, 1994, str. 187-193.
[49] Европската Унија и нејзините членки се засновани врз почит на човековите права, основни слободи, гаранција на достоинство на човекот и заштита на овие права, како на поединците така и на институциите. Правото на живот, физички интегритет, на слобода и безбедност на мислата во чл.2,3,6,10 и 11 од Главата за човекови права на ЕУ по самитот во Ница од 7 декември 2000 година.

Гледајќи ја структурата на Европската Унија, активностите кои таа ќе ги презема во насока на спречување на тероризмот ќе се бараат на релација помеѓу четирите главни *пилари* (столбови) низ кои таа функционира, во согласност со ова, најбројните интервенции се очекуваат на полето на *третиот пилар* - правда и внатрешни односи. Согледувајќи ја опасноста од тероризмот како закана за горенаведените вредности кои се клучни за опстојување на ЕУ, во *член* 29 од Договорот за ЕУ, земјите потписнички го третираат тероризмот како една од сериозните форми на криминал што треба да се спречи и сузбие.[50] Добра основа за градење механизми во спречување на тероризмот преставуваат *член* 30 и *член* 31 директно, а *член* 34 индиректно.

Полициска соработка се предвидува во член 30, а во таа насока е посебно значаен член 2 (1) од Конвенцијата за воспоставување на Европската полициска служба и член 2 (3) во кој се наведува тероризмот како феномен кој е под нејзина надлежност. Одредбите од член 2 (2), со Одлуката на Советот од 3.12.1998 година, се под надлежност на Европол. Од страна на Генералниот директорат за правда во рамките на Комисијата беа дадени два предлога за кои требаше да се донесе одлука, прво: прифаќање заедничка дефиниција за терористичките акти и соодветни казни, и второ: гаранција за апсење која треба да ја замени традиционалната процедура на екстрадицијата.

Зацврстувањето на подлогата за сузбивање на тероризмот се согледува и преку предлогот на Велика Британија за Заедничка акција 96/610 JXA усвоена од Советот од 15.10.1996 година, со која е донесена одлука за создавање и одржување Директориум (Адресар) на специјализирани противтерористички надлежности, стручности и вештини со цел олеснување на соработката против тероризмот помеѓу земјите членки на ЕУ.

При комплетирање и поголемо усогласување во насока на борбата против тероризмот значајна е работата што ја вршат меѓународните организации, особено Обединетите нации и Советот на Европа. Пред сè, заради фактот што длабоката промена на природата на тероризмот, од една страна, и нееднаквоста на традиционалните форми на судска и полициска соработка, од друга страна, имаат потреба од длабока промена на постојните

[50] Сузбивањето е предвидено на различни начини на соработка, и тоа поблиска соработка помеѓу полициските служби, царинските служби и други надлежни власти вклучувајќи го Европол, поблиска соработка помеѓу судските и другите надлежни власти на земјите членки во смисла на усогласување на законитоста на одредени кривични прашања.

законски празнини кои треба да се совладаат со нови мерки преку воспоставување минимум стандарди на полето на тероризмот.

Најновите аспекти на внатрешен план во поглед на мерките кои ЕУ ги презема во насока на спречување и сузбивање на тероризмот опфаќаат иницијативи за хармонизирање на антитерористичката легислатива, во смисла на апсење и судење на терористите во рамките на ЕУ, унапредување на работата на внатрешните органи на полицијата и меѓусудската соработка.[51] Новите потфати кои ги презема ЕУ се и во насока на имплементација на механизми кои имаат за цел да ја заштитат Унијата од евентуални терористички напади. За засилување на контролата на надворешните граници на ЕУ со цел да се спречи влегување на терористите во ЕУ, од големо значење е предлогот на Комисијата на Интегрално гранично управување.[52] Ова го потврдува шпанскиот претседател со неговата изјава според која борбата на ЕУ против тероризмот може да биде поефикасна само со зајакнување на Европол.

Во овој контекст, како ефикасен оперативен механизам е и специјална антитерористичка единица за која од буџетот се издвоени 3 милиони евра. Конвенцијата за зајакнување на улогата на Европол, усвоена од Советот на одделот за правда и внатрешни односи, е уште еден чекор за зајакнувањето на улогата на овој механизам во борбата против тероризмот, со што се создаваат услови да се формираат здружени истражни тимови.[53]

Напредокот е очигледен и во судската соработка, каде со Одлуката на Советот на одделот за правда и внатрешни односи за формирање на Еуројуст со седиште во Хаг. Одредени земји членки веќе назначија и свои преставници во Еуројуст со главна задача да се зајакнува меѓународната соработка. Новите предлози во оваа насока се и оние со кои се интензивира соработката помеѓу Еуројуст и Европол.

---

[51] Во оваа насока е донесена рамковна Одлука за борба против тероризмот (усвоена од страна на Советот на 18.4.2002 година. Document no.6128/02) која опфаќа: заедничка интерпретација за тоа што опфаќа терористички напад, минимум казни кои треба да се предвидат за вакви акти, кој и што ја сочинува терористичката група, фундаментални права и принципи и правила во врска со јурисдикција и водење постапка. Види пошироко: (ESR) number 12, Мај 2002.

[52] Со овој предлог од 7.5.2002 година Комисијата предвидува прифаќање на заедничко правило и контрола на надворешната граница, со постојан процес на размена на податоци. Како составен дел на таа контрола согласно овој предлог, е и специјално обучен граничен корпус, финансиран од буџетот на Заедницата.

[53] (Conventtion Europol, Counsel of Europe, 24.04.2002). Со ова Европол може да побара од државите членки да извршат истражување во одредена област за специфични случаи.

Улогата на Европол во борбата против тероризмот по настаните од 11 септември стана поевидентна и зајакната со легална поддршка од страна на кооперативната соработка помеѓу државите во насока на разменување податоци и информации, а се формира и нов тим од антитерористички експерти,[54] преземени се мерки во насока на безбедноста на сообраќајот, спречување на финансирање на тероризмот, како и укажување на хуманитарната помош, што претставува посебно обележје во новиот став кој се гради кај ЕУ во однос на тероризмот.

Во насока на заштитата на НХБ (нуклеарно, хемиско и биолошко оружје) тероризмот се преземаат исто така соодветни мерки. Комисијата развива Акциона програма која треба да овозможи заштита и постапки во случај на напад со хемиско или биолошко оружје.[55] На истражувачки план е постигнат исто така напредок со формирање на Здружен истражувачки центар кој ќе држи предавања за можностите од терористички напади, пред сè, за биотероризам. Заедничката надворешна и безбедносна политика како дел од *вториот пилар* во борбата против тероризмот, игра посебно значајна улога за ЕУ во оваа насока. Заедничката Декларација најмногу се однесува на европската безбедносна политика и ја изразува подготвеноста на членките на ЕУ за операционализација на истата што е можно побргу.[56]

Меѓународни договори за борба против тероризмот кои Република Северна Македонија ги има потпишано и ратификувано.[57]

Прилог: 2

1. ***Европска конвенција за спречување на тероризмот,*** Република Македонија ја потпишала оваа Конвенција на 8 ноември 2001 година, ја ратификувала на 15 јули 2004 година, Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членовите 313, 419 и 394-а од Кривичниот законик

[54] Vidi: European Security Review (ESR) number 8, October 2001 www.isis-europe.org

[55] По нападите на 11 септември 2001 година и нападите со антракс во 2001 година, САД и други западни сили се загрижени заради можноста од напад со неконвенционално оружје и асиметрично војување, па Советот даде инструкции до Советот за транспорт за воведување безбедносни мерки за време на патувањето. Овде е вклучен нов пристап кон класификација на оружје, проверка на багажот, обука на екипажот на авионите за што е формирана и ад хок група која имаше за задача да ги комплетира сите.

[56] Заедничка Декларација на земјите членки на ЕУ за борба против тероризмот донесена на 14.9.2001 година.

[57] Види прилог: 2 на стр.4,43-44 од трудов.

на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14);

2. ***Европска Конвенција за екстрадиција*** и Дополнителните протоколи на Европската конвенција за екстрадиција, Република Македонија ја потпиша оваа конвенција на 28 јули 1999 година, ја ратификува на 28 јули 1999 година. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во Законот за кривична постапка (Сл. весник на РМ, бр.150/10).
3. ***Европска конвенција за заемна судска помош на казниви дела,*** Република Македонија ја потпиша оваа Конвенција на 28 јули 1999 година, и ја ратификува на 28 јули 1999 година. Одредбите од Конвецијата се имплементирани во Законот за кривична постапка (Сл. весник на РМ, бр.150/10);
4. ***Дополнителен протокол на Европската конвенција за заемна судска помош за казниви дела***, Република Македонија ја потпиша оваа Конвенција на 28 јули 1999 година и ја ратификува на 28 јули 1999 година. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во Законот за кривична постапка (Сл. весник на РМ, бр.150/10);
5. ***Конвенција за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело,*** Република Македонија ја потпиша оваа Конвенција на 14 декември 1999 година, а ја ратификува на 19 мај 2000 година. Одредбите од Конвенцијата се имплементирани во членот 273 од Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14) и во Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник на РМ, бр.130/14). [58]

Согласно член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

[58] д-р Марјан Николовски, Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Скопје, 2008 година.,... стр.72-73.

1.5. Националното законодавство на Република Северна Македонија за заштита од тероризмот

Република Северна Македонија е земја која сè уште треба да се докажува, афирмира и прифати во меѓународната заедница во борбата против тероризмот, оттука неминовен е процесот на трансформација во самата држава, нејзиниот апарат, како и промените во законите, прописите и документите, што значи и промена во структурата и организацијата на одбрамбениот и безбедносниот систем во согласност со современите потреби. Основна идеја на која се заснова борбата против тероризмот во Република Северна Мкдеонија е владеење на правото. Со таа цел законодавството во Република Северна Македонија е поставено во согласност со меѓународното право, како и во секоја независна држава, и се заснова врз надлежноста за воспоставување и спроведување на кривичното законодавство кое се идентификува преку: територијалното начело, начелото на заштита, начелото на универзалност и начелото на пасивен карактер. Нормативната содржина на законодавството во Република Северна Македонија во поглед на уредувањето на материјата која се однесува на тероризмот не содржи посебен закон. Од овде произлегува и пристапот кој го има законодавството и кој е на две нивоа.

Првото ниво, суштинско, го сочинуваат позитивни норми кои непосредно се однесуваат на регулирањето на тероризмот како кривично дело и како феномен (тероризмот се квалификува како посебен вид на кривично дело), но и норми кои ја лоцираат надлежноста, јурисдикцијата, должностите и постапката на државните органи за справување со ова зло.

Второто ниво го сочинуваат позитивни норми кои регулираат содржина која има имплицитен пристап кон тероризмот. Овие позитивни норми регулираат содржина која има имплицитен пристап кон тероризмот. Овие позитивни норми регулираат прописи коишто се однесуваат на последиците што се поврзани со тероризмот, односно истите мора да се земат предвид кога се постапува по прописите и регулативата којашто директно се однесува на унапредувањето на тероризмот.

Најголемиот дел од нормите кои имаат директен (непосреден) пристап кон регулирањето на тероризмот се содржани во одредбите на Кривичниот

законик на Република Северна Македонија, Законот за кривична постапка, Законот за внатрешни работи и Правилата на УБК, Законот за одбрана, Законот за Агенција за разузнавање и Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Со посебни членови се регулирани овластувањата на службените лица во поглед на: собирањето на информации против терористичко дејствување, терористички организации, финансирањето на тероризмот како и во поглед на нивното спречување.[59] Додека пак Законот за Јавно обвинителство надлежноста за гонење на сторителите на кривичното дело тероризам и за дела поврзани со тероризмот ја лоцира во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.[60] Координацијата за непосредна размена на информации ја уредува Законот за класифицирани информации.[61]

Основа во пропшувањето на регулативата која ќе има пристап кон тероризмот како посебен вид кривично дело се меѓународните прописи и стандардите на Меѓународното и казненото право, како и уредбата на Уставот на Република Северна Македонија во член 29, став 3. Со овој член од Уставот на Република Северна Македонија, со цел да се избегне изигрувањето на законите, тероризмот е исклучен од делата кои спаѓаат под политички криминал.[62] Издвојувањето на тероризмот како посебен вид криминал, законодавецот го има имплементирано и во нормативната содржина на Кривичниот законик и на Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам, а постапката е уредена со Законот за кривична постапка. Овие прописи јасно го издвојуваат финансирањето на тероризмот од обичниот финансиски криминал.[63] Дополнување на регулативата со која се

[59] Види во: Кривичен законик на РМ (Сл. весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06,73/06,7/08,139/08,114/09,51/11,135/11,185/11,142/12,166/12,55/13,82/13,14/14,27/14,28/14,115/14, 132/14 и 199/14),

Закон за кривична постапка (Сл. весник на РМ, бр.150/10),
Закон за внатрешни работи и Правила на УБК (Сл. весник на РМ, бр.42/14, 116/14 і 33/15) и www.mvr.gov.mk,
Закон за одбрана - Пречистен текст (Сл. весник на РМ, бр.115/11),
Закон за Агенција за разузнавање (Сл. весник на РМ, бр.19/95),
Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник на РМ, бр.130/14),

[60] Види во: Закон за Јавно обвинителство (Сл. весник на РМ, бр.150/07 і 111/08),

[61] Види во: Закон за класифицирани информации (Сл. весник на РМ, бр..9/04, 113/07, 145/10, 80/12 і 41/14.)

[62] Појаснување: Овде се мисли на затскривање на терористите зад слободата на политичко убедување а со тоа и избегнување екстрадиција.

[63] Заложбата на Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирање на тероризмот и на Резолуцијата 1373 на Генералното собрание на Обединетите нации од 28 септември 2001 година.

уредува тероризмот е Национална концепција за безбедност и одбрана донесена од Собранието на Република Северна Македонија, а како надоплонување на постојната регулатива се и обврските кои Република Северна Македонија ги има преземено од билатералните спогодби со соседите.

Најнов документ со кој Република Северна Македонија ги потврдува своите заложби за реформи на разузнавачките и на безбедносните служби во безбедносниот сектор е третата Национална стратегија за борба против тероризмот (2018-2022). Владата на Република Северна Македонија со овој документ се стреми да ги координира министерствата, владините и невладините институции во нивното делување во борбата против тероризмот, зачувувајќи ја стабилноста и суверености на државата.

Во делот на законодавството кој содржи норми со имплицитно влијание во поглед на уредувањето на тероризмот, се содржани две групи на норми, и тоа:

a) *Норми за заштита на основите човекови слободи и права,*
b) *Норми кои се однесуваат на однесувањета и овластувањата на органите кои го спроведуваат законот и посебно правилата на употреба на сила.*

Заштитата на основните слободи и права е содржана во уставната определба од членот 8, каде во темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се вградени определбите за почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Во тој поглед имплицитното влијание на нормативната регулатива и уредувањето на тероризмот најповеќе доаѓа до израз преку прописите кои се однесуваат на: заштита на правото на живот, заштита на физичкиот и моралниот интигритет, заштита на правото на слободата (правичен третман на судовите), почитување на презумпција на невиност, ретроактивна примена на кривичното право и слободата на мислење и религија. Оваа категорија на заштита е прецизирана со посебни членови на Уставот и истата е имплементирана во Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за внатрешни работи. Врз основа на тоа е изграден и соодветен критериум за овластувањата на органите кои го спроведуваат законот, посебно во поглед на правилата на употреба на сила

што се регулира со Законот за внатрешни работи и Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи.

Нормативната поставеност на законските акти на Република Северна Македонија јасно говорат за намерата да се овозможи и осигури учество на Република Северна Македонија во меѓународната соработка во борбата против тероризмот во која било држава од меѓународната заедница воопшто, како и почитување и имплементација на меѓународните конвенции и општоприфатените начела на меѓународното казнено право.

1.5.1. Правна основа за антитеристичко дејствување

Правна и законска основа за дејствување против терористичките активности во Република Северна Македонија се: Кривичниот законик на Република Северна Македонија, Законот за кривична постапка, Законот за азил и привремена заштита, Законот за внатрешни работи, Законот за Агенција за разузнавање, Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Законот за одбрана, Законот за класифицирани информации и Законот за Јавно обвинителство.[64]

Инкриминирањето на тероризмот и терористичките активности е регулирано со информативна содржина на Кривичниот законик на Република Северна Македонија, а постапката е уредена со Законот за Кривична постапка. Во Кривичниот законик на Република Северна Македонија согласно со член 313 тероризмот е инкриминиран како кривично дело, за чиј сторител е предвидена казна затвор од најмалку четири години. Законот предвидува дејството да се третира како тероризам, доколку едно лице има намера со предизвикување на сериозна закана за предизвикување експлозија, пожар, поплава и друго општо опасно дејство или акт на насилство, да го загрози

[64] Види во:
Кривичникот законик на РМ (Сл. весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08,139/08,114/09,51/11,135/11,185/11,142/12,166/12,55/13,82/13,14/14,27/14,28/14,115/14,132/14 і 199/14),
Закон за кривична постапка (Сл. весник на РМ, бр.150/10),
Закон за азил и привремена заштита - Пречистен текст (Сл. весник на РМ, бр.54/13),
Закон за внатрешни работи (Сл. весник на РМ, бр.42/14, 116/14 и 33/15),
Закон за агенција за разузнавање (Сл. весник на РМ, бр.19/95),
Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник на РМ, бр.130/14),
Закон за одбрана - Пречистен текст (Сл. весник на РМ, бр.115/11),
Закон за класифицирани информации (Сл. весник на РМ, бр.9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14),
Закон за Јавно обвинителство (Сл.весник на РМ, бр.150/07 и111/08)

уставниот поредок или безбедноста на Република Северна Македонија и да создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните. Основните елементи кои се карактеристични за одредување на поимот „*кривично дело тероризам“* во кривичното право на Република Северна Македонија се: ***објективно битие на делото, дејство на извршување, последици од делото и мотиви на извршување***.[65]

Објективно битие на делото; се казнува тој што од непријателски побуди спрема Република Македонија ќе предизвика експлозија, пожар или ќе преземе друго општоопасно дејство или акт на насилство со кои може да се создаде чувство на лична несигурност кај граѓаните или кај група на граѓани.

Дејство на извршување; се состои во преземање на некое општоопасно дејство или вршење на некој акт на насилство за неодредени лица или неодредени имоти. Општоопасни дејства и акт на насилство предизвикуваат дејства на извршување на многу кривични дела. Заради тоа ***дејство на извршување*** не е основ на разграничување помеѓу оваа и други кривични дела, тој основ го сочинуваат другите две обележја на ова дело: ***последица и мотив*** на дејство.

Последица на ова дело е создавање чувство на лична несигурност кај граѓаните или кај група граѓани. Ова чувство се манифестира со страв на граѓаните за нивниот живот и животите на нивните најблиски.[66] Создавањето чувство на лична несигурност може да се однесува на поедини граѓани или на група на граѓани. Поединечни граѓани може да бидат само пасивен субјект на ова дело (најчесто е тоа лице кое врши некоја државна или општествена функција). Под група граѓани се подразбираат луѓе кои живеат во определена населба или кои работат во иста институција.[67]

Мотив на делото; за постоење на ова дело потребно е да се утврди дека сторителот постапувал од непријателски побуди спрема Република Македонија. Умислата е единствен облик на вина кај ова кривично дело.

[65] д-р Владо Камбовски, Кривично право-посебен дел, НИО., „Студентски збор“ Скопје, 1988 година.
[66] Чувството на несигурност е последица која во Законот е одредена како обележје на КД. Но не значи дека е тоа и единствената последица која го прати извршувањето на кривично дело тероризам. Последицата е секогаш загрозување на општественото уредување на безбедноста на земјата. Види повеќе во: д-р М. Николовски,...стр.90-91.
[67] Коментар Кривичног закона, група автори (д-р Фрањо Бачи - Загреб, д-р Бавцон Љубо - Љубљана, д-р Мирослав Ђорђевиќ- Београд)., издава, „ Савремена администрација“ Београд

Делото се извршува со умисла да се загрози Уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија.[68]

Во поглед на законодавството во Република Северна Македонија, органите за прогон и граничната полиција имаат сеопфатни антитерористички одредби што забрануваат домашни и меѓународни акти на тероризам. Законот на земјата за справување со тероризам содржи одредба што го крминализира учеството на цивили во странски конфликти. Конкретно се мисли на чл. 322, став 1 од Кривичниот законик, во кој е предвидено минимум 3-годишна затворска казна за лицето кое учествува во непријателска војска или во други непријателски вооружени формации, или е директен учесник во војна или вооружен судир како борец против Република Северна Македонија или нејзините сојузници. Казна затвор од најмалку 4 (четири) години е предвидена и за секое лице кое ќе создаде заговор, банда, група или друго здружение на лица или организација за вршење терористичка активност. За лице припадник на заговорот, бандата, групата или друго здружение, е предвидена казна затвор од три години. Во член 325 инкриминирано е и казниво со казна од една до десет години креирањето и помагањето на сторителот на кривично дело *тероризам* (давање засолниште, храна, пари или други средства, одржување врска, преземање дејства насочени кон спречување на откривање или фаќање на сторител или друг начин на укажување помош). Согласно со член 326, со казна затвор од три до десет години ќе се казни лице за подготвување на извршување кривични дела, како што се убиства на претставници од највисоките државни органи, вооружен бунт, загрозување на уставниот поредок и безбедноста, диверзија, саботажа.

Предвидено и потешко санкционирано со казна затвор од најмалку десет години е поведението кога при извршување на терористичкиот акт, ќе биде предизвикана смрт на едно или повеќе лица, или ќе се предизвика имотна штета од поголеми размери. Умисленото лишување од живот на едно или повеќе лица при извршување на терористички акт, како и извршувањето на ваков акт за време на војна или непосредна воена опасност, се казнуваат со казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор.

[68] Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, проф. д-р Јован Проевски., „Академик“ , - Скопје 1998 година.

Во Кривичниот законик регулирано е и се казнува со казна затвор од најмалку осум години создавањето терористичка организација (група, банда или друга злосторничка организација) за извршување кривични дела: убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на инфраструктура, информациски системи и други објекти во општа употреба, грабнување на авиони или други средства за јавен транспорт, производство или трговија со нуклеарни, биолошки, хемиски и други видови оружја и опасни материи, пуштање опасни радиоактивни отрови и други супстанции, или предизвикување пожар или експлозија, уништување постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, заради создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните, или загрозување на уставниот поредок на земјата или интересите на меѓународна организација или странска држава.

Во Кривичен законик предвидени се и поблаги казни, односно казна затвор од три месеци до три години за сторителот на дело, доколку истиот ја открие организацијата, или на друг начин го спречи извршувањето на планираните дела. Казна затвор од четири до десет години е предвидено и за припадник на групата, бандата или друга злосторничка организација, како и за лицето кое обезбедува финансиски средства или помага на друг начин. Законодавецот предвидува да се ослободи припадникот на групата, бандата или друга злосторничка организација, кој ќе ја открие организацијата, пред во нејзин состав или за неа да стори некое од претходно споменатите дела.

Законски регулирано е и јавното повикување, поттикнување или поддржување на создавање терористичка организација. Во членот 419 пропишано е казнување со казна затвор од најмалку три години за секој кој со намера да наштети на странска држава или меѓународна организација, ќе грабне лице или ќе изврши друго насилство, предизвика експлозија или пожар, или опасно дејство или средство предизвика опасност за животот на луѓето и имотот од значителна вредност. Доколку, заради ваквите опасности, настапи смрт на едно или повеќе лица, или се предизвика штета од поголеми размери, односно умислено се лиши од живот друг, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години или доживотен затвор.

Кривичното законодавство на Република Северна Македонија, член 316, се применува кога терористички акт е сторен на територијата на Република

Северна Македонија, односно на домашен брод или воздухоплов, без оглед каде истите се наоѓале во моментот на извршување на делото.

Кривичното законодавство на Република Северна Македонија важи и за секое лице кое ќе изврши терористички акт во странство согласно со член 317, како и за странец кој ќе изврши терористички акт спрема странец или спрема странска држава во странство кога за делото може да се изрече казна затвор од пет или повеќе години, а не ќе биде екстрадиран на странска држава.

Правните прописи во Република Северна Македонија не дозволуваат екстрадиција на македонски државјани за кое било кривично дело, што значи и за извршено кривично дело *тероризам* (член 4 од Уставот на Република Северна Македонија), но ја дозволуваат можноста под одредени услови, од Република Северна Македонија да биде екстрадиран странец - сторител на терористички акт. Имено, според член 29 од Уставот на Република Северна Македонија, екстрадицијата на странец може да се изврши само врз основа на ратификуван меѓународен договор и начелото на реципроцитет. Странец не може да биде екстрадиран заради политичко кривично дело. Дејствата на тероризам не претставуваат политички дела. Законот за кривична постапка ги пропишува претпоставките за екстрадиција. Имено, лицето чија екстрадиција се бара, не треба да е државјанин на Република Северна Македонија, делото заради кое се бара екстрадицијата не треба да биде извршено на територијата на Република Северна Македонија, против неа или против нејзин државјанин, делото за кое се бара екстрадиција да е кривично дело и според домашниот закон и според законот на државата во која е извршено. Исто така е потребно според домашниот закон да не настапила застареност на кривичното гонење или застареност на извршувањето на казната, пред странецот да биде притворен или испитан како обвинет, или не бил суден заради истото дело од домашен суд, или за истото дело од домашен суд да не бил правосилно осуден, или против него кривичната постапка да не била правосилно запрена или обвинението правосилно одбиено, освен ако не е дадена гаранција за остварување на имотно барање на оштетениот. Исто така, се бара да биде утврден и идентитетот на лицето што треба да се екстрадира, како и да има доволно докази за основано сомневање дека постои правосилна пресуда.

Законот за кривична постапка согласно со член 253, предвидува обврска Министерството за внатрешни работи да презема потребни мерки, кога

постојат основи на сомневање дека се извршени терористичи активности. Всуштност, Министерството има обврска да презема потребни мерки за пронаоѓање сторител и соучесник на терористичка активност, да ги открие и обезбеди трагите и предметите на кривично дело, да собира известувања користени за успешно водење на постапката. Во функција на поуспешна превенција и разоткривање на терористичките активности и нивните сторители, Законот за кривична постапка предвидува преземање посебни истражни мерки (следење на комуникациите, увид и пребарување на компјутерски систем и негово целосно или делумно одземање, тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства, симулиран откуп на предмети, симулирано примање и давање поткуп, контролирана испорака и превоз на лица и предмети, користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации, отворање симулирана банкарска сметка, регистрирање привидни правни лица или користење заради собирање податоци), кои применети под услови и на начин утврдени со закон, ќе можат да се употребат како доказ во кривичната постапка.

Законот за азил и привремена заштита, пропишувајќи ги условите под кои може да се признае правото на азил, односно статусот на бегалец, истовремено предвидува дека дејствување против уставниот поредок на Република Северна Македонија, односно извршувањето кривично дело против човештвото и меѓународното право, целите и начелата на Обеденетите нации, претставуваат основа за одемање на правото на азил, односно статусот на бегалец согласно со член 6.

На планот на борбата против тероризмот, Република Северна Македонија ги спроведува следниве активности.[69]

Прилог 3:

- Собранието на Република Македонија, врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а по повод атентатот на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров,

[69] Види прилог: 3 на стр. 5, 53-54 од трудов.

извршен на 3 октомври 1995 година, донесе Декларација (Сл. весник на РМ, бр. 47/95);

- Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата оджана на 3 февруари 1998 година, донесе Декларација против тероризмот во Република Македонија;
- Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, на седницата одржана на 17-ти септември 2001 година, донесе, Декларација за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон, САД, од 11 септември 2001 година (Сл. весник на РМ, бр. 74/2001);
- Република Македонија е назначена за координатор на проектот за сузбивање на финансискиот криминал, како една од оперативните задачи за промовирање на регионалната соработка во сузбивање на финансирањето на тероризмот;
- Владата на Република Македонија се приклучи на повикот на глобалната антитерористичка коалиција, а аеродромите во Скопје и во Охрид ги стави на располагање на меѓународната коалиција и дополнително беше наредено да се спроведе директна истрага со цел да се утврди постоење на т.н. „црни“ сметки во банките кои терористите ги употребуваат за финансирање на своите терористички активности;
- На 25.6.2002 година, Владата на Република Македонија донесе заклучок за формирање меѓуресорско координативно тело за борба против меѓународниот тероризам;
- Претставник од Министерството за правда е член на Мултидисциплинарната група за меѓународна акција против тероризмот (ГМТ) на Советот на Европа.
- Експертска работна група подготвува текст на посебен закон против тероризмот, а кривичното законодавство, во рамките на одредбите од Кривичниот законик на Република Македонија, тероризмот и дејствата поврзани со тероризмот ги санкционира како кривични дела.
- Со цел да се зајакне ефикасноста на борбата против тероризмот, Владата на Република Македонија заклучи дека е приоритетно да се извршат измени на Кривичниот закон на Република Македонија и

Законот за кривична постапка, како и на членот 17 од Уставот на Република Македонија, со што ќе се создадат предуслови за примена на современите истражни техники за поефикасно откривање и гонење на сторителите на овие кривични дела.[70]

*****

Да резимираме: Нормативните одредби на Кривичниот законик на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11,185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14 и 199/14), ја изразуваат намерата на законодавецот, меѓу другото, да се имплементираат стандардите на меѓународното казнено право кога се работи за сузбивање на тероризмот. Имено, со оваа внатрешна регулатива се инкриминирани сите однесувања кои според општите стандарди и критериуми можат да се сметаат за терористички однесувања. Со член 313 од Кривичниот законик инкриминиран е тероризмот како казниво дело, членот 419 ги регулира дејствата на извршување на меѓународен тероризам, а членот 394-а од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик го санкционира создавањето терористичка организација, нејзиното финансирање, јавно повикување, поттикнување и поддржување ваква организација. Нормативната поставеност на законските акти на Република Македонија јасно говорат за намерата да се овозможи и осигури учеството на Република Македонија во меѓународна соработка и борба против тероризмот.[71]

Во борбата против тероризмот Република Северна Македонија се фокусира на трансформацијата на нејзиниот систем за безбедност во современ и интегриран систем способен да се справи со новите ризици и опасности, како што се меѓународниот тероризам и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување. Од тие причини, процедурите и регулативата којашто се однесува на безбедносните служби во Македонија одат во насока на дефинирање на системот за национална безбедност и негово позиционирање,

[70] д-р Марјан Николовски, Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Скопје, 2008 година., ... стр. 93-94.
[71] Цитат: д-р Марјан Николовски, Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Скопје, 2008 година., …стр.96.

како и редефинирање на улогата и надлежностите (поставеноста) на безбедносните и разузнавачките служби, нивната заемна координација и соработка, како и соработката на овие служби во меѓународни рамки. Во наредниов период земјата ќе продолжи да ги зголемува институционалните и оперативните способности на безбедносниот систем, посебно за справување со асиметричните закани коишто произлегуваат од меѓународниот тероризам. Како еден од главните приоритети ќе биде зајакнувањето на нејзиното учество и придонес во борбата на меѓународната заедница против тероризмот.[72]

Најнов документ со кој Република Северна Македонија ги потврдува своите заложби за реформи на разузнавачките и на безбедносните служби во безбедносниот сектор е третата Национална стратегија за борба против тероризмот (2018-2022) [73]. Владата на Република Северна Македонија со овој документ се стреми да ги координира министерствата, владините и невладините институции, во нивното делување во борбата против тероризмот, зачувувајќи ја стабилноста и суверенота на државата.

[72] Годишна национална програма за подготовки за членство на Република Македонија во НАТО 2009/2010 www.mfa.gov.mk

[73] Овој документ е во согласност со Стратегиите на Обединетите нации и Европската Унија за борба против тероризмот и во соработка со регионални и меѓународни партнери кои го поддржаа Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борбата против тероризмот (НКСНЕБПТ) во неговите активности.

ВТОР ДЕЛ
Улогата на полицијата во постконфликтни операции и правото на употреба на сила

2. Улогата на полицијата во постконфликтните операции

Во периодот после воените операции, кога настапува периодот на стабилизација на општеството кое е зафатено со бунтовнички и терористички операции, подобрувањето на безбедноста треба да биде примарна цел, особено во насока на оспособување на националните безбедносни сили, како и потребата од распоредувањето и соработката со легитимни странски сили како надополнување на националните. Ако основната цел на новата влада после воените операции е стабилизација на општеството преку проектите за подобрување на инфраструктурата, создавање нови работни места, подобро образование, да спроведе избори и слично, а тоа би се реализирало со помош на цивилни сили на невладини и владини меѓународни организации, потребна е нивна лична безбедност за реализација на горенаведеното. Бунтовниците и терористите го знаат овој факт, па во праксата се покажува дека главна цел е токму персоналот кој е вклучен во спроведување на овие проекти, а со цел да се одржи незадоволството кон легитимните владини претставници и меѓународните сили кои се вклучени во стабилизационите процеси. Во контекст на ова, потребно е преземање на мерки и активности од страна на домашните и странските безбедносни сили, поточно полициските сили, за да им се обезбеди сигурност на луѓето кои се вклучени во реализација на проектите.

Секако, примарна цел на постконфликтните операции е преземање на мерки, со цел да се обезбеди и осигура цивилното население. Без оваа активност, без брзи реформи на безбедносните сили, бунтот може лесно да се прошири. Кога бунтовниците ќе се претстават како криминалци, тогаш тие ја губат поддршката од јавноста, во услови на воспоставен правен систем, во согласност со локалната култура и практики и доколку акциите се преземени од легитимна влада и легитимни владини и странски сили. И покрај напорите да се изгради легитимна влада, ако владата употребува нелегитимни акции, вклучувајќи неоправдана и преголема употреба на сила, незаконско

притворање, мачење, тортура или казнување без судење, тоа е самоуништувачки потег дури и против бунтовници кои користат најразлични насилни средства за присила за менување на актуелната власт.[74]

Во случајот во Авганистан, АНА (Авганистанска национална армија) и АНП (Авганистанска национална полиција), многу подобро и поефикасно можат да ја пренесат пораката отколку американските војници кои користат преведувачи.[75] Малку е веројатно дека САД и НАТО ќе ги победат талибанците и другите бунтовнички групи во Авганистан. Речиси сите студии за противбунтовнички операции, од Дејвид Гаула до Роџер Тринкуер,[76] се фокусирани на градење капацитетот на локалните сили.[77]

Во поновата историја на војни и конфликти, организации што беа вклучени во постконфликтните операции во борбата против бунтовништвото и тероризмот главно беа: Обединетите нации (ОН), Североатланската организација (НАТО), Европската Унија (ЕУ), Советот на Европа и Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Екстериторијалната, превентивната, мултиагенциската и сеопфатна безбедносна перспектива станаа испреплетени во безбедносните стратегии на националните држави, како и на мултилатералните организации со безбедносен мандат, особено ОН, НАТО, ЕУ и на ОЕЦД.

ЕУ го презеде водството во градењето интегрални управувачки структури во воено-кризните моменти и продолжи да го подржува ОН во своите противбунтовнички и противтерористички активности. ОН сега се залага за здружување на методите и на деловите од системот на ОН, како, на пример: Извршната дирекција за борба против тероризмот (CTED), Канцеларијата на ОН за борба против дрога и криминал (UNODOC) и Одделот за превенција од тероризам (TPB). ЕУ и НАТО сметаат дека безбедноста во странство значи и безбедност дома. НАТО во изминатиов период е вклучен во развојот на нов стратегиски концепт за да се справи со новите закани, како што се сајбер-нападите, пиратеријата, големото снабдување со енергија и неговото нарушување во кревките држави.[78] Во исто време, ЕУ во посебен извештај за

[74] Lieutenant General Petraeus D. and Lieutenant General Mattis N. J., op.cit..., pp. 1-19.
[75] Lieutenant General Leahy P., op. cit..., pp. 97.
[76] Dejvid Gaula i Roxer Trinkuer се едни од најеминентните истражувачки операции.
[77] Fair C.C. and Jones G.S., op.cit..., pp. 26.
[78] Adviesraad Internationale Vraagstukken (Advisory Council on International Affairs), 2010, pp. 34-35.

човековата безбедност тврди дека се соочува со голем број закани за безбедноста,[79] од кои многу се нарушува постоењето на граѓаните и на цели заедници и затоа треба да се фокусира на „човековата безбедност“. Во врска со второто, во моментов сме сведоци на промена на ориентацијата, далеку од состојбата на индивидуално ниво.

Државите членки на ЕУ и самата организација на ЕУ во изминатиов период зедоа големо учество во сите мировни мисии со свои воени сили, цивилен персонал и полициски сили. Во наредниот дел од текстот заради самиот предмет на овој истражувачки труд, посебен осврт ќе дадеме на полициските сили и нивните операции кои во иднина ќе бидат клучни и можеби примарни во стабилизационите процеси. На ова поле ЕУ и државите членки беа доста активни во градењето интегрални управувачки структури во воено-кризните моменти. Една од тие структури е Европол која е формирана во 1992 година. Преку анализата на досега стореното можеме да констатираме дека Европол е правна рака на ЕУ што служи за спроведување и одржување на правото и поредокот во ЕУ и, секако, таа е организација што се справува со криминалистичко разузнавање. Една од главните цели на Европол е подобрување на ефективноста и соработката помеѓу надлежните органи на земјите членки во спречување и во борбата против меѓународниот организиран криминал и сериозната закана од тероризмот и од бунтовништвото.

Со цел подобра соработка на полето на безбедноста во рамките на Унијата, во 2001 година ЕУ формира оддел што е наречен Европски началници на полициските сили (ECPTF), чија единствена цел е да се развијат неформални начини и лични врски меѓу шефовите на различни сектори од полициско-безбедносните области за спроведување на законот, да се разменат информации и да се помогне за поблиска соработка помеѓу нивните организации. Во контекст на ова веќе во 2002 година е основан Еуројуст кој е тело на ЕУ, со цел подобрување на ефиксаноста на надлежните органи на земјите членки кога тие се занимаваат со истрага и гонење на сериозен прекуграничен и организиран криминал. Конечно, во 2002 година холандските и германските полициски сили, што се задолжени за состојбите во пристаништата и на реките, ја основаат Аквапол (Akvapol). Досега девет земји

[79] Kaldor, M., Martin, M. and Selchow, S., Human Security: a New Narrative for Europe, International Affairs, March 2007, pp. 273-288.

членки на ЕУ учествуваат и членуваат во Аквапол, која се грижи за пристаништата и реките. Нивната цел е да се зголеми меѓународната соработка и да дејствуваат пред сè како советници на европската законодавна власт и нејзините регулаторни тела.[80]

Советот на Европа во Феира, Португалија, во јуни 2000 година одлучи и се договори со земјите членки на ЕУ да бидат способни од 2003 година да обезбедат до 5000 полицајци, службеници за меѓународни мисии во различни области за превенција на конфликти и управување со кризи. Ова вклучува дека треба да се во состојба да распоредат 1000 полицајци во рок од 30 дена. Не беше одредено до кој степен граѓанската полиција и жандармериските сили ќе ја сочинуваат ова полициска сила на ЕУ.[81]

Во 2004 година, Европскиот совет одлучи да го формира Фронтекс (Фронтеџ),[82] чие седиште сега е во Варшава. Во 2005 година беше создаден ЦЕПОЛ (CEPOL – The College Europeen de Police or Europian Police College). Тој колеџ организира курсеви за обука на високи полициски службеници од европските полициски сили и се ангажира во истражувачки активности. И покрај тоа што има секретеријат во Брамсхил, Обединетото Кралство, неговите активности се одржуваат на националните полициски академии на земјите членки.[83]

Европските жандармериски сили (EGF) се релативно млада организација формирана од владите на Франција, Шпанија, Италија, Португалија и на Холандија, во октомври 2007 година. Европските жандармериски сили учествуваат и одржуваат врски или соработуваат во европската безбедност со многу организации поединечно.[84] Исто така, воените полициски организации и

[80] www.acquapol-police.com. Интересно е да се напомене дека освен полициските сили кои се ангажирани во оваа организација, во неа учествува и француската жандермерија

[81]Формално име на оваа Европска агенција е „European Agency for the Management of Operational Cooperation at the External Borders".

[82] Santa Maria de Feira European Council, Conclusions of the Presidency, 19 and 20 June 2000.

[83] Сегашното ниво на полициската соработка во ЕУ започна во 2003 година. Хронолошки гледано полициската соработка започнала уште во далечната 1898 година, но поелаборирана соработка започнала уште од 1970-тите посебно 1990-тите. Води повеќе: Occhipinti (2003)

[84] E.g. the Italian AdC takes part in G8 and Schengen (working) groups, the EU police unit, Europol, the EPCTF, Interpol, the EU's 'internal' anti-fraud office – OLAF, the OSCE, and the European National Forensic Science Institute (www.carabinieri.it). The French GN takes part in a wide range of committee and working groups of the EU, and in 'Schengen', Europol, the EPCTF, Frontex, and is permanently represented at the French representation to the OSCE. It is also a partner in bilateral police/customs cooperation organisations with Belgium, Germany, Italy, Luxembourg, Spain and Switzerland. The Portuguese GNR participates in CEPOL, EPCTF, EUOROPOL, FRONTEX and OLAF. The Dutch KM participates in CEPOL, Frontex and Europol. The Spanish GC participates in EPCTF, EUROPOL, OLAF (www.guardiacivil.org). The Romanian JR only participates in FIEP and EGF (correspondence Romanian JR).

жандармериските сили работат со цивилната полиција и редовната војска. Во некои земји жандармериските сили ја имаат задачата на воениот полициски персонал и контролата на одредени воени објекти, а во други земји ја имаат задачата на цивилната полиција. Во меѓународните операции жандармериските сили често работат и соработуваат со одговорниот, тој што ја има командата врз војниците на земјите учеснички, истото важи и за Соединетите Американски Држави, британските или германските одговорни лица, команданти. Во НАТО сите национални организации се одговорни за регулирање на војската, на тој начин и одговорните лица на жандармеријата или на другите безбедносни организации соработуваат во поддршка на операциите на Алијансата, вклучувајќи ги и во развојот на доктрината, организирањето вежби и во други работи од безбедносен аспект.[85] Во последниве неколку денцении големината и улогата на овие организации се прошири ја за да се даде што е можно поголем придонес за мировните операции.

Историските анализи од минатите бунтови јасно покажуваат дека ако бунтовниците имаат прекугранично засолниште, задачата на силите за противтерористички и противбунтовнички операции е многу потешка. Способноста да се обезбеди границата е многу важен аспект. Деталите во однос на тоа кои сили и системи ќе бидат потребни да се обезбеди границата, значајно се разликуваат и на тоа влијаат повеќе фактори, како што се: должината на границата, теренот во пограничниот реон, густината на населението во пограничната област и густината на сообрајќајот во тој дел на границата.[86]

Во праксата се покажува дека бунтовниците секогаш, како по правило, бунтовничките операции ги вршат во пограничните територии на државата, со цел брзо да се инфилтрираат, оперираат и брзо ексфилтрираат на територијата на друга држава, надвор од доменот на безбедносните сили на државата која е зафатена од бунтот. Таков беше случајот во Виетнам каде бунтовниците оперираа покрај границите на Лаос и Камбоџа, така беше во

[85] За поддршка и соработка во постконфликтните операции НАТО има мултинационални воено-полициски баталјони составени од воени полиции на следниве држави членки: Првиот батаљон составен и предводен од Воената полиција на Полска, Чешка, Словачка и Хрватска. Вториот батаљон е предводен од Воената полиција на Данска. Види повеќе: http://mncne.pl/multinational-mp-battalion-certified/

[86] Gombert C.D., Gordon J.IV., Grissom W.A., Frelinger D.R., Jones G.S., Libicki C.M., O'Connell E., Stearns K.B. and Hunter E.R., op.cit..., pp. 190.

Ирак, и секако истиот случај се повторува во Авганистан. Главно бунтовничките операции се одвиваат во пограничните реони во близината на Пакистан, каде што истиот го користат како територија за логистичка поддршка, одмор и обука на нивните борци.

Од овие причини новите модели на овие операции, особено треба да бидат насочени во организирање, опремување и обучување на ефективни погранични сили. Покрај со жива сила, чувањето на границата треба да биде помогнато и со техника (пешадиски радарски системи, безпилотни летала за надгледување на границата, техника за ноќно набљудување и сл.)

На ова поле, како што наведовме погоре во текстот, ОН со нејзините структури сè повеќе го прифаќаат моделот и доктрината на ЕУ за зголемена ангажираност на полициските сили во операциите за одржување и воспоставување на мирот во постконфликтните општества. Според анализите на ОН, побарувачката и потребата од полициски кадар за учество во меѓународните кризни операции и за управување со нив е голема. ОН ги препознава важноста и можноста од меѓународни полициски операции. На средината од 90-тите години одделот на ОН за мировни операции назначи свој полициски советник, а во 2000 година беше создадена полициската дивизија за да се поддржат полициските операции на ОН. Од јануари 2008 година, операциите од ваков вид се одвиваа во 13 земји, вклучувајќи тука и над 11.000 полицајци што учествуваат во овие операции.

Обединетите нации создаде свој постојан полициски капацитет, кој се состои од 25 офицери, тим за брзо распоредување и за процена, организирање и почнување на операцијата.[87] Тие полициски единици на ОН првпат беа распоредени во Чад. Бројот на полициските службеници, исто така, постојано се зголемува. Брзиот пораст на воениот персонал што е распореден од 2000 година, води само до едно нешто, а тоа е дека полициските операции ќе се зголемат во иднина и нивниот број нагло ќе расте.

Праксата покажува дека полициските структури, со професионален пристап и почитување на законските норми, се многу покорисни и поупотребливи во операциите за постконфликтна стабилизација од масивните

[87] www.un.org/Depts/dpko/police. There are operations in (the largest personnel numbers in brackets) Afghanistan, Burundi, Cyprus, D.R. Congo (1,029), East Timor (1,555), Georgia, Haiti (1,813), Ivory Coast (1,157), Kosovo (2,025), Liberia (1,231), Sierra Leone, Sudan and Western Sahara.

воени формации. Бунтовниците и терористите многу почесто за свое дејствување и прикривање ги користат урбаните средини и населените места, а тоа е совршен терен за дејствување на полицијата во однос на армиските единици кои со својата реакција можат да нанесат непоправливи штети на процесот на стабилизација. Во сите нормални ситуации полициските струкури имаат поголема предност пред воените структури во борбата против тероризмот и другите облици на цивилно насилство. Нивната најголема предност е легитимноста и одговорноста пред очите на поголемиот дел од цивилното население.

Според проф. д-р Митко Котовчевски, за разлика од војската која поседува системи за вооружување кои имаат за цел да го совладаат и победат непријателот со нанесување максимални загуби, полицијата е обучена да ја применува најмалата можна сила во остварување на своите задачи. Според полициската етика, не е примарна цел да се ликвидираат прекршителите на законот, туку тие да се уапсат и да се обезбедат докази за да бидат осудени.[88]

Во напредните фази на бунтот, една од најважните и најприменливите алатки на владата се полицијата со нејзините разузнавачки служби. Во многу поранешни бунтови, полицијата беше на првите линии во овие операции. Полицијата ги познава локалните заедници, луѓето коишто живеат таму, многу подобро од која било армиска структура. Блискоста на полицијата со заедницата, во содејство со преземените истражни мерки, овозможуваат на полицијата идеални можности во откривање на малите скриени бунтовнички групи. Во овој процес полицијата со помош на откриените и анализирани податоци од теренот, може значително да им помогне на националните и на странските разузнавачки служби во откривањето на најслабите и критични точки на бунтовничкото движење. За жал, во многу земји во развој, полициските сили се корумпирани, политизирани и неспособни. Всушност, во некои случаи бруталноста и корумпираноста на полицијата може да придонесе и да резултира со проширување и поголема поддршка на бунтот. Заради тоа, владата и воените сили имаат многу мала, па дури и никаква улога во оваа рана фаза од бунтот.[89]

[88] Митко Котовчевски., „Борбата против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 година, стр. 160-162.
[89] Perry L.W. and Gordon IV.J., *Analytic Support to Intelligence in Counterinsurgencies*, National Defense Research Institute - RAND, 2008, pp. 8.

Во спроведување на должностите на внатрешна безбедност во голем број ситуации е мошне тешко да се дознае кои се непријателите (терористите се флуиден непријател), каде се лоцирани, бидејќи тие се „претопени“ со целокупното население каде што сите пријатели и непријатели изгледаат исто. За таа цел полицијата, посебно локалната полиција, е во предност во однос на силите на војската. Таа има адут на добро сеопфатно познавање на локалните прилики и на членовите на заедницата. Тоа претставува солидна гаранција за ефикасен одговор на тероризмот.[90]

Владите на европските држави, САД и ОН треба да посветат поголемо внимание во давањето помош преку човечкиот фактор (инструктори), технички и финансиски ресурси за менторство и професионализација на министерствата за внатрешни работи на државите во кои се водат процесите на постконфликтна стабилизација. Со оглед на недостигот на персонал и нецелосната обука на полицијата, меѓународната заедница ќе мора да ги зголеми напорите за реформа на министерството за внатрешни работи, затоа што без значителни реформи, тековните напори за изградба на стабилни полициски сили ќе бидат неуспешни.[91]

На полето на безбедносната состојба и работењето во оваа област, се очекува да се подобри безбедносната ситуација, бројот на воениот персонал да се намалува, додека бројот на полициските сили што треба да бидат распоредени да се зголемува или да почне да се зголемува, како и улогата на гарант на меѓународната стабилност и безбедност да почне полека да се презема од страна на меѓународните полициски единици и сили.

Што се однесува пак до Ирак, коалицијата предводена од страна на САД, која беше распоредена за стабилизација, беше доста бавна во распоредувањето на полициските службеници, и исто така таа не успеа да го предвиди вакумот што ќе биде создаден по падот на режимот на Садам Хусеин, дека безбедносните сили ќе бидат веднаш пополнети од страна на криминалците и екстремистите.[92] Операцијата во Ирак за спроведување на законот и редот, за неговата стабилизација, имаше и своја цена, која требаше де ја плати ЕУ и САД, а таа цена беше премногу висока. Во мај 2003 година

[90] Митко Котовчевски., „Борбата против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 година, стр. 161.
[91] Fair C.C. and Jones G.S., op.cit..., pp. 26.
[92] Dobbins et al (2005) www.un.org/depts/dpko

САД имаа околу 150.000 лица воен персонал во земјата, ова вклучува 10.400 лица воена полиција, од кои 59% требаше да дојдат од резервниот состав.[93] Тоа, пак, доведе до друга индикација за тоа колку може да се користи европската полициска жандармерија: од вкупно 1400 лица воен персонал на жандармеријата, само Италија има распоредено 40% карабинери во Јужен Ирак. Гледано во целина, може да се очекува дека во блиска иднина безбедносните услови што ќе се создадат ќе овозможат повеќебројната војска што ќе биде присутна во постконфликтните операции да биде заменета од страна на меѓународни полициски сили.

2.1. Улогата на полицијата и нејзината поставеност во општеството

Улогата на полицијата, нејзината структура, поставеноста во заедницата, методите на постапување и други нејзини карактеристики, како во демократските општества така и во постконфликтните општества, е исклучително значајна. Разликата во перцепцијата на полицијата во нормалните демократски општества споредена со полицијата во постконфликтните општества е дијаметрално спротивна на довербата и начинот на функционирање на истата. Во принцип, во постконфликтните општества, полицијата, која била алатка за репресија во претходниот систем на владеење (собореният режим), била синоним на репресија и кршење на човековите права и слободи, како што беше примерот во Ирак, Авганистан, Косово и во многу други постконфликтни општества. Примарна цел во планот за реформите и измените на нововоспоставените полициски структури треба да биде во насока на вредностите на новото демократско општество во кое полицијата треба да претставува заштитник на тие вредности. Поставувањето на новата полиција треба да добие нова позиција заснована на современите и новите сфаќања за безбедноста и начините на нејзиното извршување и остварување. Всушност станува збор за новите општествено-економски односи врз кои треба да се заснова новата држава, а тоа се: приватната сопственост како доминантен облик на сопственост, граѓански-општествено економски односи, управување според законот на пазарот, капиталот профитот

[93] Binnendijk, H., Johnson, S.E. (ed.), "Transforming for Stabilization and Reconstruction Operations", (National Defense University, Washington), 2004. Pp. 79.

и сл. Во поставувањето на новиот политички систем треба да се тежнее кон воспоставување правна држава заснована врз демократски принципи и начела кои подразбираат, легалитет и легитимитет во поставување на сите државни органи, вклучувајќи ја и полицијата.

Прва и основна функција на полицијата во едно општество е одржувањето на редот и мирот. Во современото општество, брзите промени во општествено-економските, политичките и социјалните услови, во кои треба да делува новата полиција, претставува посебен предизвик. Под притисок на глобализацијата, брзиот развој на технологијата, поврзаноста помеѓу државите со зголемениот и олеснет сообраќај и врски помеѓу истите, пристапноста до информациите и сл., дојде до промена, како во начинот на војувањето така и во етиологијата и феноменологијата на криминалитетот, како едно од главните подрачја на делување на полицијата на планот на превенција, попречување, откривање и сузбивање на истиот. Од анализите во изминатите години на профилите на криминалитетот на глобално ниво, се покажува дека криминалитетот во светот манифестира нови карактеристики, нови видови организиран криминал, нови форми и облици, многу е поопасен, со елементи на насилство и сè почесто е во функција на терористичките и бунтовничките групи кои се главна опасност за глобалниот мир и безбедност.

Од постанокот па сè до денес, луѓето меѓусебно се загрозуваат, ја нарушуваат безбедноста, мирот, спокојството, интегритетот и имотот. За да обезбеди почитување на тие односи се јавува полицијата како институција која треба да реагира т.е. да употреби сила. Токму употребата на сила на полицијата всушност е и темата на овој магистерски труд. Една од целите на планот при формирањето на новите полициски структури во општеството кое е зафатено од конфликтот, е и употребата на странски полициски сили во овие постконфликтни операции. Тука пак се поставува прашањето, каква полиција сакаме и какви странски полициски сили би биле подобни за стабилизација на мирот и безбедноста после воените операции. Одговорот во теоретска смисла е едноставен: таа треба да биде ефикасна, успешна, да обезбеди висок степен на безбедност, но во тоа настојување, бидејќи мирот и безбедноста се за човекот, тоа да го прави без да се повредуваат правата и мирот на другите луѓе. Во контекст на претходното прашање, според мене, клучното прашање

всуштност е какви проблеми би се јавувале кога странски полициски сили треба да употребат сила во постконфликтните операции.

***

Од моето долгогодишно искуство преку работата во полиција, надградувано со повеќе обуки и семинари, како на домашно така и на меѓународно ниво, можам да заклучам дека: полицијата, воопшто, во заедницата претставува нужно зло што се бори против другите зла, со средства и методи, кои исто така претставуваат зло, според својата природа на нештата. За одржување на редот во општеството, од страна на луѓето и државата на полицијата ѝ е делегирана моќ. Искуствата говорат дека токму оваа моќ полицијата во многу случаи ја има злоупотребено, но процесите на хуманизација и демократизација треба да придонесат да не доаѓа или што помалку да доаѓа до злоупотреба на моќта што ја поседува полицијата за нејзино функционирање. Средствата и методите што ги применува полицијата треба да бидат во функција на целта, која од своја страна, треба да биде легитимна. Интервенцијата на полицијата и употребата на легитимната присилба од нејзина страна треба да трае до моментот додека не се отстрани опасноста, а поединецот или групата нарушители не се разбиени. Секоја злоупотреба на моќта и средствата кои ги користи полицијата при вршење на своите задачи, треба да биде казнива, како во домашното општество во кое е овластена да функционира полицијата, така и во меѓународните мисии во стабилизација на постконфликтните општества. Оттука пак се наметнува прашањето, кој суд ќе има јурисдикција во случаи кога ќе дојде до злоупотреба на силата и моќта на полициските службеници во меѓународните мисии, но не помалку значајно е и прашањето, според кои правила и законски прописи би постапувале полициските службеници во овие меѓународни мисии. Токму овие прашања се и предмет на овој магистерски труд, и на истите ќе се обидам да дадам одговор во понатамошниот дел од текстот.

2.2.1. Функции на полицијата

Полицијата како дел од безбедносните структури на секоја држава во меѓународното општество, претставува значаен фактор во функционирањето на безбедносниот систем на тоа општество. Во процесот на извршување на

редовните задачи полицијата овозможува спознавање за тоа кој ја загрозува безбедноста, а токму на тоа се гради соодветната политика за сузбивање на негативните безбедносни појави.

Полицијата во едно демократско општество треба да ги има следниве функции:

- ***Превентивна функција;*** која се однесува на општата превентива, криминалистичката првентива и државнобезбедносната превентива.[94] *(Функцијата на полицијата не е да чека правото да биде прекршено, па дури тогаш да ги открива и фаќа сторителите. Законот најдобро се применува, ако неговата цел најдобро се остварува кога полицијата со своето превентивно делување го спречува кршењето на неговите одредби.)* [95]
- ***Репресивна функција;*** која се изведува според основните законски овластувања. Иако оваа функција е контрадикторна, сепак е потребна и нужна. При извршување на мерките нужно е да се уважува човековото достоинство и да се чува интигритетот на човековата личност. Можат да се употребат само оние репресивни мерки, методи и средства преку кои со најмала сила и последици се извршува задачата. Факт е дека со репресивно делување полицијата задира во слободите и правата на човекот, но, како што кажавме погоре, ова е нужно и неопходно. Заедницата е присилена да применува репресија, бидејќи сè уште живееме во услови во кои се остварува алиенцијата на човекот и кај поединци се појавуваат разни форми на опасно (казниво) однесување.[96]
- ***Одбрамбена функција на полицијата;*** конкретно во воени услови се состои во извршување на редовната полициска дејност како орган на управа, но и други работи од нејзиниот делокруг на работењето. Полицијата исто така може да се вклучи во извршување на воени задачи.

[94] Превентивната активност бавно навлегува во работата на полицијата, а со такво темпо и ја заменува репресијата. Пред секое заминување на должност полициските службеници треба да имаат предвид дека главна цел кон која треба да тежнеат е превенцијата на криминалитетот. Види повеќе: д-р Трпе Стојановски, „Полицијата во демократското општество“ , Скопје, 1977 година, стр.191-193.

[95] Исто, стр.19

[96] Казниво дело претставува напад врз добрата и вредностите што од владејачката класа се избрани како суштествени и значајни во мера во која треба да уживаат казнено-правна заштита. Казнивото дело е резултат на постапката на етикетирање на поведенијата кои владејачката група ги оценува како недозволиви; Владо Камбовски, Критика на законската дефиниција на казниво дело како општествено опасно дело, „Македонска ревизија на казненото право и криминологијата“, Скопје, 2/1994 година стр.242.

- ***Надзорна функција во севкупниот општествен и државен надзор;*** оваа функција е нужна заради спроведување на уставноста и законитоста на работата на организациите и органите кои извршуваат задачи од сферата на внатрешни работи.

Во сите државни управувања полицијата е носител на голем дел од безбедносните задачи и како таква е еден од важните органи во рамките на безбедносниот систем. Нејзината улога и место во системот за безбедност се разликува од една до друга земја, а во некои земји се менува во зависност од општествените промени и другите прилики во заедницата. Сепак, она што е заедничко за сите земји и системи на власт е дека на полицијата и припаѓаат две категории на групи или безбедносни задачи: „национални“ или „државни“ и овие од доменот на општествената, личната и имотната сфера, или задачи од јавната безбедност. Притоа, обемот на задачите што ги извршуваат во одделни земји не е ист. Затоа термините како што се „јавна безбедност“, „уставна безбедност“ и сл., се домашни поими. Може да се заклучи дека полицијата извршува голем број безбедносни задачи, кои се однесуваат на внатрешната и на уставната безбедност. Во рамките на внатрешната безбедност спаѓаат:

- Заштита на животот, личната и имотната безбедност на граѓаните,
- Спречување и откривање кривични дела и пронаоѓање и фаќање на сторителите на тие дела, како и нивно приведување пред надлежните органи,
- Одржување на јавниот ред и мир,
- Обезбедување на настани и друг вид собирање на граѓани,
- Грижа за безбедноста и сообрајќајот на патиштата,
- Контрола на преминување на државната граница,
- Контрола и движење и престој во граничен појас,
- Контрола на движење и престој на странци,
- Работи во врска со набавување, движење и носење оружје и муниција,
- Работи во врска со производство и промет на експлозивни материи, запаливи течности и гасови,
- Работа и врска со заштита од пожари,
- Обезбедување на државните органи и странските дипломатски и конзуларни претставништва,

Задачите во рамките на уставната безбедност се дефинирани како работи кои се однесуваат на заштитата и безбедноста на државата и откривање и спречување на дејности кои се насочени на подривање или уривање на поредокот на Уставот.[97]

Во контекст на горното, во Република Северна Македонија според Законот за полиција, како полициски работи ги пропишува:

- заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори;
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторителите и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело;
- одржување на јавниот ред и мир;
- регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
- контрола на движење и престој на странци;
- гранични проверки и граничен надзор;
- укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба;
- обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон. [98]

Од анализа на горенаведеното, како и од анализата на повеќе полициски системи, главно од европските држави со демократски систем на уредување, може да се види дека полициските системи и функциите на полицијата, методите на постапување и сл., се разликуваат од држава до држава. После осамостојувањето, полицискиот систем во Република Северна Македонија трпеше одредени измени во однос на функционирањето на полицијата од претходниот систем. Промените во полицискиот систем се одвиваа во насока на креирањето на законите кои ја регулираат оваа материја. Законите и

[97] д-р Трпе Стојановски, „Полицијата во демократското општество“ , Скопје, 1977 година,… стр. 97-98
[98] Види повеќе во: Закон за полиција (Сл. весник на РМ, бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15) и Одлуката на Уставен суд на РМ (Сл. весник на РМ, бр. 148/08).

прописите за функционирањето на новиот полициски систем беа земени од меѓународните документи кои Република Северна Македонија ги имаше потпишано и ратификувано во своето национално законодавство и политичко-правниот систем. Во контекст на предметот и целта на ова истражување, јас лично мислам дека при организирањето и реорганизирањето на полициските ситеми во државите во кои ќе се извршуваат следните воено-хуманитарни интервенции, како најсоодветен модел за организирање на истите треба да се земат токму моделите на полицијата од овие демократски ориентирани земји. Во креирањето на полициските системи, како и законите и прописите потребни за функционирање на полицијата, покрај веќе постоечките меѓународни документи кои ја регулираат оваа материја, како примарна водилка секако треба да бидат и обичаите и домашните законски норми, кои треба да ја нормираат новата легислатива во овие постконфликтни општества. Моите истражувања во контекст на докажување на основната хипотеза на овој научен труд, главно ќе се движат преку анализа на полицискиот систем на Република Северна Македонија и полициските системи на европските држави. Во наредниот дел од текстот ќе биде примарна анализата на полицискиот систем на Република Северна Македонија во докажување на хипотезата на овој труд, заради фактот што Република Северна Македонија досега земаше активно учество во многу мировни операции. Мојата препорака ќе се движи во контекст на докажување на целта на ова истражување која се однесува на потребата во иднина фокусот да биде насочен на новите трендови, т.е. во потребата од ангажирање на полициски сили во напредните фази од воено-хуманитарните мисии, за што збор стана во претходниот дел од текстот.

2.2.2. Полициските службеници и нивните овластувања

Во наредниот дел од текстот ќе се обидам да дадам појаснување на полициските овластувања на полициските службеници во Република Северна Македонија, кои всушност ја претставуваат основата во функционирањето на која било полиција во светот. Сметам дека токму полициските овластувања се клучот при регулирањето на правата и обврските на полициските службеници кои во иднина би се испраќале во постконфликтни операции. Поточно, полициските овластувања ќе ги диктираат и самите права и обврски, секако во

сооднос со законодавните норми, и ќе им дозволуваат или ќе ги ограничуваат дејствата што полициските службеници би ги преземале во спречување на нарушување на редот, мирот и на сите типови криминално дејствување.

Овластувањата се легитимна можност на лица овластени со закон да преземаат законски активности заради употреба на мерки, методи и средства за спречување во извршување казнени дела или откривање и фаќање на сторителите на тие дела. Овластувањето е со закон пропишана можност за одредено однесување на субјектите коишто го штитат правниот поредок. Овластувањето им се дава на субјектите за да можат да преземат дејства со кој го штитат државниот интерес. Во нивното постапување никој не смее да ги спречува, во спротивно, врши прекршок. Мерките и дејствата како предмет на овластувањето се пропишани со закон,[99] и нивната примена е можна само во услови кога се исполнети формално-правните основи за употреба. Во одредени случаи овластувањето подразбира дека некој друг субјект е должен да постапува на начин којшто го одредува овластениот субјект. Во таква состојба разликуваме два вида однесување на субјектите. Во првиот случај субјектот на обврска е должен на пасивно однесување (да го трпи однесувањето на овластениот субјект), додека во вториот случај субјектот на обврска е должен на активно однесување, т.е. да постапува според барање на овластениот субјект. Овластувањато треба да стапи во дејство веднаш штом е нарушена правната норма.[100] Полициските овластувања во Република Северна Македонија се пропишани со Законот за полиција и се следниве:

1. Проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети;
2. Собирање информации;
3. Повикување;
4. Лишување од слобода;
5. Приведување;
6. Задржување;
7. Потрага по лица и предмети;
8. Прикриено полициско дејствување;

[99] Видот на овластувањата и начинот на нивната употреба е законска категорија, и во Република Северна Македонија е пропишана со Закон за полиција и Закон за кривична постапка.

[100] Обврска за примена на овластувањето е нарушувањето само на правна норма, а не и нарушување на обичајна или морална норма, иако и тогаш настапила последица, понекогаш потешка од онаа кај правната норма.

9. Пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;
10. Предупредување и наредување;
11. Привремено одземање на предмети;
12. Преглед, односно претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица, и увид во определена нивна документација;
13. Влегување во туѓ дом и други затворени простории;
14. Сопирање, преглед, односно претрес на лица, багаж и превозни средства;
15. Обезбедување, преглед и увид на местото на настанот;
16. Примање пријави и поплаки, поднесување пријави и известувања;
17. Препознавање;
18. Јавно распишување награда;
19. Снимање на јавни места;
20. Полиграфско тестирање;
21. Собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење податоци, како и обработка на лични податоци под услови и начин утврдени со овој и посебен закон;
22. Примена на посебни истражни мерки;
23. Заштита на лица опфатени согласно со прописите на заштита на сведоци.[101]

При преземање на дејства во рамките на полициските овластувања од ставот 1 на овој член, можат да се употребат и средства за присила под услови и начин утврдени со закон.

Овластувањата се употребуваат тогаш кога свесно или несвесно е нарушена некоја норма на однесување пропишана со закон. Притоа, постои правило на применување на поблаго средство, ако со тоа може да се постигне извршување на службената задача. Со утврдувањето на овластувањата и конкретизирање на основите за нивно применување, законодавецот не ги пропишал случаите во кои ќе се применат точно определени овластувања,

[101] Закон за полиција член: 28, (Сл. весник на РМ, бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15) и Одлуката на Уставниот суд на РМ (Сл. весник на РМ, бр. 148/08).

бидејќи тоа и не е можно. Но, тој ги овластил полициските службеници тие сами да оценат во секој конкретен случај кое средство ќе го употребат. Токму ова право истовремено претставува и обврска за полицискиот службеник правилно да ја оцени дадената ситуација, а потоа да донесе одлука и да го употреби најсоодветното овластување.[102]

Во минатото постојат многу случаи кога дошло до кршење на човековите права и слободи при применување на полициските овластувања. Како последица на ова, меѓународната заедница презема низа мерки и активности во поглед на донесување повеќе меѓународни правни акти со цел да ги заштити човековите права и слободи и да го заштити поединецот од можноста да биде измачуван, понижуван или казнуван.

Како најзначајни документи за работата на полицијата се:

- Универзална декларација за правата на човекот;
- Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права;
- Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Меѓународна конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација;
- Конвенција за незастарување на воени злосторства и злосторства против човечноста;
- Конвенција против мачење и други свирепи, нехумани или понижувачки казни или казнувања;
- Кодекс за однесување на лицата одговорни за примена на законот;
- Декларација за основните принципи на правата во врска со жртвите на криминалните дејства и жртвите на злоупотребите на власта;
- Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи;
- Европска конвенција за човекови права;
- Европска декларација за полиција;
- Документи на КЕБС (ОБСЕ) - човекови права;
- Основни правила за употреба на сила и огнено оружје од страна на со закон овластените лица, Осми конгрес на ООН - човекови права

Гарантирајќи го правото на живот, слобода, заштита или забрана од мачење, нечовечко или понижувачко однесување или казнување како основни

[102] д-р Трпе Стојановски, „ Полицијата во демократското општество“ , Скопје, 1977 година,…стр. 209.

човекови права, заедницата го изразила и ставот на поединецот од можната злоупотреба на власта врз неговиот дигнитет. Според меѓународните декларации, конвенции и други меѓународни правни акти, лицата кои се одговорни за примена на законот, мора да ја вршат задачата што им ја наложува законот, а употребата на сила можат да применат само тогаш кога е тоа вистински нужно, и тоа во онаа мера која тоа го бара вршењето на нивната должност. Ниедно лице одговорно за спроведување на законот не може да спроведува, поттикнува или толерира мачење, свирепо, нехумано или понижувачко однесување, ниту може да се повикува на тоа дека добило наредба од претпоставениот или дека тоа го сторило во исклучителни околности (воена состојба, закана за војна, закана за национална безбедност, внатрешно-политичка нестабилност или каква било друга вонредна состојба), и на тој начин да ја оправда примената на насилството или свирепо, нехумано или понижувачко однесување.[103]

Од погоренаведеното може да се види дека не постои можност законодавецот прецизно да ги пропише случаите во кои ќе се применат точно определени овластувања, бидејќи тоа и не е можно. Како што напоменав на почетокот на текстот, при испраќање на полициски сили во постконфликтни операции, исклучиво е важно да се утврди, доколку е можно, во кои ситуации ќе треба да дојде до ограничување на човековите права во операциите во кои ќе треба да се употреби сила за совладување на прекршителите на кривични дела (посебно за дела кои се квалификуваат за тероризам). Исто така е значајно да се одлучи кои овластувања да се применат, посебно при проценатa за употреба на смртоносна сила против лицата (терористите) кои со своето дејство можат да предизвикаат апокалиптични последици и по животот и по имотите на невини луѓе. Од моето лично искуство, сличен проблем ни се случи во полициската акција во Диво Насеље во Куманово, каде првично дојде до конфузија за каков тип на непријател станува збор, кои полициски овластувања во однос на употребата на средства за присилба и смртоносна сила да се употребат, а тоа се рефлектираше врз самиот исход на акцијата. Ова го напоменувам заради самата комплицираност во проценување и донесување одлука при употребата на сила на полициските службеници кога се однесува за

[103] Види повеќе во: Кодекс на полициска етика (Сл. весник на РМ, бр.72 од 11.06.2007 година).

лица за кои не се јасно дефинирани кривичните дела за кои се гонат. Оттука може да се заклучи дека најголемиот проблем се јавува во донесување на одлуката дали да се даде вербално предупредување или испукување предупредувачки куршум, што наедно може да им остави можност на терористите да дејствуваат, или да се употреби директна смртоносна сила без предупредување. Досегашните искуства говорат дека, при анализа на психолошкиот профил на современите терористи и сите досегашни нивни акти, веројатноста истите да не се предадат и да одговараат пред лицето на правдата е голема, и дека скоро секогаш се спремни своите намери да ги извршат по цена на нивните животи. Во вакви случаи секогаш може да дојде до прекршување на основните норми кои се однесуваат на заштитата на основните човекови права. Во подготовка на идните планови за ангажирање на полициски сили во постконфликтни операции, мора да се внимава и да се земат предвид точно полициските овластувања, усогласување на прописите и правилата за употреба на сила и правилата на однесување на полициските сили во овие операции.

2.3.Анализа на правилата на однесување на припадниците на вооружените сили во мировните операции

Во овој дел од текстот, кој всушност е и главен дел, ќе се обидам да ја објаснам целта, предметот и хипотезата на овој научен труд. Во однос на објаснувањето, предлагањето и давањето насоки за креирање на правилата на употреба на сила на полициските сили во мировни операции, ќе се послужам со анализа на веќе постоечките правила на однесување и употреба на сила на армиските сили во мировни операции. Од анализата на искуства во мировните операции, дојдовме до заклучок дека во иднина ангажирањето на полициските сили треба да биде примарно во понапредните фази од овие операции, т.е. кога ќе настапи фазата на стабилизација на општеството во кое се изведувале операциите. Но тука се јавува и најголемиот проблем, а тоа е: какви треба да бидат новите правила на однесување на полициските сили во овие операции; од каде треба да се црпат основите за нормирањето на овие правила; каков треба да биде односот на домашните законски нормирани правила со меѓународните правни акти.

Гледано од перспектива на новата тактика и доктрина во справување со меѓународниот тероризам и бунтовништвото, покрај останатото, се отвори широка дебата околу правилата на однесување на вооружените сили за време на воените операции во борбата против тероризмот и бунтовништвото. На тој начин, во меѓународните политички односи, особено по 11 септември 2001 година, главна тема на дискусија се токму Правилата на однесување (ПНО), на вооружените сили кои ќе бидат ангажирани во операциите за постконфликтна стабилизација. Најголемиот дел од предизвиците во овој контекст се јавуваат околу правилата за употреба на сила и околу правилата за третманот на задржаните терористи и вооружени групации кои ги поддржуваат. Конкретно, сега ќе се задржиме на правилата на однесување на припадниците на вооружените сили за време на воено-хуманитарните операции во сите фази од операцијата.

Во минатото, во однос на тогашните лидери на државите, денешните лидери не ја водат војната на бојното поле каде што можат лично да ги наметнат политичките и оперативните замисли и интереси. Наместо тоа, операциите во кои се употребува вооружена сила (воена или полициска) се изведуваат во услови на делегирана одговорност. Токму заради овој факт се јавува потребата за пропишување на правилата на однесување, кои всушност треба да бидат еден вид механизам со кој спроведувањето на интересите и остварувањето на посакуваните цели, заради кои се употребува вооружената сила, ќе се пренесат и до последниот учесник во таквите потфати.

Правилата на однесување за време на мир, како на армиските така и на полициските сили, се одраз на националните законодавства, националните интереси, а со тоа и на меѓународните општо прифатени правила и принципи. Од овде може да заклучиме дека во различни земји правилата на однесување, како на воените, така и на полициските сили се разликуваат и речиси и да не постојат идентични правила, или востановени правила на однесување.

2.3.1.Правото во однос на правилата на однесување

При креирањето на правилата на однесување како примарни документи од меѓународното право кое мора да се земат предвид секако се: Повелбата на ООН, Хашките конвенции од 1907 година, Женевските конвенции од 1949

година, (повеќе за воените сили), Европскиот кодекс на полициска етика (како основа за правилата на однесување за полициските сили), и секако и сите други меѓународни договори кои ги содржат фундаменталните принципи на меѓународното право, како и договорите кои државата ги има усвоено. Влијанието на правото врз правилата на однесување условно се одразува преку огрничувње на видот на операциите во кои може да учествуваат вооружните сили, ограничувањето на видовите на оружјето кое може да се употребува за време на операциите и преку влијанието на останатите делови од Меѓународното право воопшто.

Клучна улога во креирањето на правилата на однесување имаат домашните законодавства и меѓународните договори, и истите тие влијаат врз операцијата во која може да учествуваат вооружените сили. Тоа влијание најповеќе се случува кога државата е потписник на одреден меѓународен договор со кој нејзините сили нема да можат да учествуваат во операција спротивно на одредбите на тој договор. Анализирајќи ги европските држави и нивните законодавства, во контекст на употребата на нивните вооружени сили, може да се види дека во повеќето од нив вооружените сили се наменети за одбрана на територијалниот интегритет и за учество во мировни операции предводени од ООН, НАТО или ЕУ. Досегашните искуства укажуваат на фактите дека повеќето меѓународни воени операции во кои учествуваа вооружени сили од повеќе европски држави беа без мандат на ООН, и често воените сили изведуваат операции кои имаат размер на вооружен конфликт - војна. Клучниот проблем за неангажирање на полициски сили во фазите на стабилизација на тие конфликти беа токму домашните законодавства кои не дозолуваат употреба на полициски сили во вакви ситуации, а ова е класичен пример каде правото е основа за ограничување на правилата на однесување, а со тоа и на учество во соодветна операција.

Меѓународните договори кои се однесуваат на употребата на одредени видови оружје, се едни од причините за ограничување на правилата на однесување. Во одредени операции, поточно во фазата на стабилизирање на конфликтот, доаѓало до јавни немири и протести насочени кон меѓународните сили ангажирани во тоа подрачје или против новата власт и нејзините институциите. Досегашните искуства говорат дека во стабилизација и воспоставување на нарушениот ред учествувале армиските сили во улога како

полициски сили за одржување на јавниот ред и мир во постконфликтните подрачја. Најчесто за растерување на толпата, покрај останатите средства за присилба, се употребуваат и хемиски агенси. Ако според прописите и законите на државата во која се извршува операцијата не се дозволени употреба на хемиски агенси, во тој случај правилата на однесување нема да дозволат употреба на ваков вид оружје.

Правото силно влијае врз правилата на однесување, конкретно правилата за универзална заштита на човековите права ги ограничуваат државите кои најчесто се вклучени во ваков вид меѓународни мисии, поточно во делот на правото за употреба на сила и правилата на однесување на вооружените сили. Најголемите дебати и несогласувања на меѓународен план во креирањето на Правилата на однесување, конкретно во борбата противтерористичките и противбунтовничките операции (ПТ и ПБ), се однесува на тоа кој дел од меѓународното право треба да се земе како основа според која ќе се креираат правилата на однесување на вооружените сили во противтерористички и противбунтовнички операции, т.е. дали во преден план треба да се земат правилата кои се дел од меѓународното право за правата на човекот (МППЧ) и истите ќе бидат правната основа во градењето на правилата на однесување при справувањето со современиот тероризам и бунтовништвото, или, пак, тоа ќе произлезе само од Меѓународното право за вооружен конфликт (МПВК).

Влијанието на јавното мислење врз политиката има посебно влијание во ограничувањата на правилата на однесување. Така, на пример, и покрај тоа што оперативните процедури и домашното или меѓународното право, дозволуваат употреба на одредено оружје, операции или сила, често се случува, заради политичките интереси, ваквите правила да бидат ограничени.[104] Заради загриженоста на политичките лидери околу јавното мислење, кое во демократските општества е најчесто рестриктивно и хуманистички расположено, ентитетот (коалиционен партнер, или земја донатор на сили) постои можност да се огради од употребата на сила, иако за тоа има оперативни ресурси и капацитети и тоа го дозволува правото.

[104] Ако позната изјава на Клаузевитц (Karl Clauzevitz 1780-1831) дека, "...војната е продолжување на политиката со други средства" е точна, тогаш барем во денешни услови употребата на вооружената сила не може да ги занемари консеквенциите од таквата употреба.

Компарирано со минатото, денес заштитата на човековите права и територијалниот интегритет на секоја суверена држава е главен императив. Ваквиот став и перцепција силно влијаат врз ограничувањето на употребата на вооружена сила. Ангажирањето на сили во меѓународна мисија и донесувањето таква одлука во област која се смета за „сигурна - безбедна“, (за пружање хуманитарна помош, на пример), е исполнета со дипломатија и бара присуство на експертиза од дипломатскиот кор. Главен фокус на дипломатите кои се вклучени во донесувањето на одлуката и на креирањето договор за ангажирање вооружени сили во мировна мисија, е токму статусот на силите и, секако, правилата на однесување, со цел да се избегнат можните злоупотреби на истите.

При примарноста во креирањето на правилата на однесување во операциите и односот на меѓународните правни правила постојат различни пристапи. Според опонентите на САД, Меѓународното право за вооружен конфликт не може да биде основа на правилата на однесување за сите ПТ и ПБ операции во глобалната војна против тероризмот и бунтовништвото. Тие сметаат дека во дел од овие операции правната основа за ПНО треба да биде Меѓународното право за правата на човекот (МППЧ),[105] или Меѓународното кривично право (МКП). САД е со став дека во еден вооружен конфликт, односно војна со глобалниот тероризам и бунтовништвото, како основа на правилата на однесување во противтерористички и противбунтовнички операции потребно е да се земат правилата на Меѓународното право за вооружен конфликт. Оттука произлегува дека делот од Меѓународното право кој ќе се користи како основа за правилата на однесување, ќе има значајно влијае врз употребата на сила и задржување на лица во противтерористички и противбунтовнички операции. Горенаведеното ни дава насоки кои како приоритет ни го посочуваат видот на вооруженият конфликт кој треба да биде услов за различната примена на меѓународните правила.

Од особено значење за адекватниот пристап кон изборот на правото при формирањето на правилата на однесување е разбирањето на различните видови конфликти. Со менувањето на видот на вооруженият конфликт, значи дека се менуваат и правилата кои важат за соодветната ситуација. Од овде

[105] Овој термин е прифатен на Правниот Факултет-Јустенијан Први во Скопје, во учебникот на проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски, „Меѓународно право за правата на човекот“, Марго, Скопје 2001, стр.21.

доаѓаме до заклучок за потребата од промена на легалната основа за правила на однесување, односно, ќе се променат ПНО.

Од анализа на досегашните меѓународни операции и мисии во кои се употребувале вооружени сили, искуствата говорат дека не секогаш операциите се изведувале на ист начин. Операциите кои се со размер на меѓународен вооружен конфликт начелно се изведувале класично со масовна употреба на сили, маневар, оружје и техника, додека пак операциите за воспоставување и одржување на контрола на дадена територија, најчесто биле според два метода – модела, и тоа:

Во првиот случај, поточно во класичниот армиски метод на оперирање кога не постои ефективна контрола на територијата (значи има немири, или вооружени престрелки кои можат да достигнат ниво на вооружен конфликт).[106] Овој метод на оперирање е сличен или идентичен со моделот на оперирање за време на операции кои имаат размер на тотален вооружен конфликт, т.е. војна.

Во вториот случај, при оперирање на армиските сили, оперираат како полициски сили, и овој модел е познат и како „*Law enforcment method-model“*. Ваквиот тип на оперирање вооружените сили го практикуваат само доколку постои ефективна контрола врз окупираната територија. Според моите анализи и заклучоци токму ова е фазата кога примената на полициските сили треба да биде примарна и пред армиските сили, но во ситуација кога бунтот излегува од контрола и достигнува размер на вооружен конфликт, методот-моделот на оперирање се менува во класичен армиски.

Според д-р Хаџи-Јанев, разбирањето на разликите од изворите (конкретно Меѓународното право за правата на човекот и Меѓународното право за вооружен конфликт) е значајно бидејќи тоа се рефлектира врз ефектот од операцијата. Тоа пак влијае врз правните консеквенции околу употребата на смртоносна сила, статусот на задржаните лица и судската надлежност на пример. Така ако функционирањето е според „полициски модел“, во кој правилата на однесување околу употреба на сила како правен извор го имаат Меѓународното право за правата на човекот (кога ситуацијата го дозволува тоа, односно постои ефективна контрола на окупираната територија), тоа налага употреба на смртоносна сила само доколку е апослутно неопходно, а нивото на

[106] Пошироко во: „Expert Meeting on The Right to Life in Armed Conflict and Situation of Occupation“, University center for International Humanitarian Law Geneva, Geneva, September 2005, str. 13-15

употребената сила мора да биде пропроционално со очигледната закана. За разлика од ова, пропорционалноста за време на вооружен конфликт (кога вооружените сили функционираат по класичен „армиски модел“, или „полициски модел“, но кога изворот на правилата на однесување е Меѓународното право за вооружен конфликт), заради видот на заканата, од поголем размер и од повеќе места истовремено, има поинаков ефект во употребата на сила. Причините за ова се резултат на влијанието од односот помеѓу принципот на воена потреба и принципот на хуманост според Меѓународното право за вооружен конфликт. Точката на балансот помеѓу последните два принципа се рефлектира и врз принципот на пропорционалност во случај кога се употребува сила. На тој начин, пропорционалноста за време на употреба на сила, во склад со ius in bello, значи дека употребената сила, под влијание на принципот на воена потреба, треба да ја елиминира не само постоечката закана, туку и потенцијалната идна закана. Или, со други зборови, за време на вооружен конфликт принципот на воена потреба влијае на тоа акцентот да се стави на колективната заштита, додека принципот на пропорционалност во склад со Меѓународното право за правата на човекот е ставен на заштита на индивидуата (т.е. индивидуалниот живот). Оттука, и нивото на употребената сила, вклучително и смртоносна сила, се разликува во двата случаја на оперирање.[107]

Од досега изнесеното погоре, може да се заклучи дека, Меѓународното право за правата на човекот можат да најдат примена како извор во правилата на однесување за време на окупација, кога постои ефективна контрола на територијата.

Ставот за примената на правилата на Меѓународното право за правата на човекот во услови кога Меѓународното право за вооружен конфликт има примена е присутен и во меѓунардоните документи. Во неколку наврати преку резолуциите на Генералното собрание на ООН државите прифатиле дека правилата на МППЧ имаат примена за време на окупација.[108] Истиот заклучок е донесен и за време на Техеранската конференција во 1968 година.[109] Уште

[107] Види повеќе; М. Хаџи-Јанев., (Во Глава–IX Предизвиците околу примената на правилата на однесување во против теротистичките операции уредени со Меѓународното право за вооржен конфликт)...стр.216-244

[108] Resolution XXIII „Human Rights in Armed Conflicts,“ adopted by the International Conference on Human Rights, 12 May 1968, U.N. Doc. A/CONF. 32/41 (1968).

[109] Изнесено на „Експертската средба во Женева”, цит.дело, и во В.Василевски, 2002, цит.дело.

повеќе, во случајот на ирачката окупација на Кувајт дури и САД, а и Велика Британија, имаат прифатено дека МППЧ мора да се почитува од страна на окупаторот.[110]

***

Според моето видување за применливоста на Меѓународното право за правата на човекот во услови кога Меѓународното право за вооружен конфликт има примена, би заклучила дека правилата на МППЧ може да најдат примена, но МППЧ би можело да се примени само за противтерористички и противбунтовнички операции кои се изведуваат во услови на окупација. За противтерористички и противбунтовнички операциите кои се со размер на вооружен конфликт и понатаму како релевантна основа за правила на однесување останува да се користат правилата на Меѓународното право за вооружен конфликт. Во вакви случаи Меѓународното право за правата на човекот нема примена, или е многу тешко да се обезбеди примена на одредени правила. Јасно е дека примената на Меѓународното право за правата на човекот како легална основа за правила на однесување во услови на окупација, нема да има примена во противтерористички и противбунтовнички операции во случаи кога не постои ефективна контрола врз окупираната територија. Правилата на Меѓународното право за правата на човекот би требало да се применуваат исклучиво кога постои ефективна контрола и нема вооружени насилства од поголем размер.

2.4. Однесување на полициските сили во постконфликтни операции врз основа на Полицискиот кодекс

Во државите со демократски систем на уредување, меѓу останатите вредности препознатливи за овој политички систем, секако е залагањето за правна држава, владеењето на правото и заштитата на човековите права. Овие држави исклучиво рестриктираат секаков вид присила, освен онаа којашто е неопходна за заштита на темелните права и слободи на грѓанинот, како и другите вредности на заедницата, кои се нужност за опстанок на истата и на секој поединец одделно. Во борбата за заштита на овие вредности,

[110] UN GA Res. 46/135, 17 December 1991.

констатирано е дека најчести прекршувања и отстапувања се случувале на штета на личните права и слободи на оние спрема кои се применува државна присила. Новите измени во казненото право во овие држави се однесуваат на сè поголема заштита на правата и слободите на поединецот спрема кого, врз основа на одредени законски мерки, се применува некој вид присила од страна на државната власт.

Главната улога во заштитата на горенаведените фундаментални права во една држава ги има полицијата. Оттука полициските службеници, како учесници со посебни права и овластувања, имаат законска должност да ги заштитуваат правата и слободите на човекот и другите вредности пропишани со устав. Следствено на ова, едно од најзначајните прашања е каков вид едукација на полицијата ќе овозможи максимален придонес за успешно извршување на сложените задачи, без пречекорување на овластувањата и без предизвикување штетни последици.

Како на домашно поле, така и на меѓународното поле, во изминативе години се преземаа многу активности за реорганизирање на функционални полициски сили кои би имале заеднички стандарди како на национално, регионално така и на меѓународно ниво, а со цел да се исполнат очекувањата на граѓаните кои сакаат да имаат доверба во еднообразен, праведен третман од страна на полицијата. Бенефитот од ваквите промени најповеќе ќе се почуствува во борбата против меѓународниот криминал и сите останати форми на загрозување безбедноста на граѓаните. Изготвувањето на Кодексот на полициска етика претставува поддршка на идејата за постигнување поголемо единство меѓу европските држави и воопшто меѓу земјите со демократско уредување.

Кодексите и групите на начела вклучуваат инструменти кои се однесуваат на полицијата, обезбедуваат детални и позитивни упатства за најдобрата пракса за различните аспекти на работењето на полицијата. На пример, *Кодексот на однесување на Обединетите нации за службениците кои спроведуваат правда* ги содржи општите и конкретните правила на однесување во врска со прашања, како што се употреба на сила (член 3), доверливост (член 4), заштита на притворените (членови 5 и 6) и реакција на лошото однесување од страна на колегите (член 8). Со членот 1 се бараат високи стандарди на одговорност и професионална компетентност.

Резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации со која се усвои Кодексот (34/169 од 17 декмври 1979 година) меѓу другото бара секој орган за спроведување на правдата да биде претставник и да биде одговорен пред целата заедница. Ова е позитивна изјава за природата на работата на полицијата и односот со заедницата на која и служат.[111]

Според д-р Трпе Стојановски, кога се работи за полициска етика, полицијата работи под притисок на две сопствени тези: првата, што повисок степен на ефикасност во откривање на криминалитетот и криминалците, со средства што стојат на располагање на полицијата, и втората, дека настојувањето за поголема ефикасност ја носи со себе опасноста да се претера и да се употреби прекумерна сила од страна на полицијата. Поголемата полициска ефикасност никогаш не смее да биде за сметка на загрозување на човековите права и достоинство.[112]

Во современиот свет во криминалитетот е застапено многу поголемо насилство, конкретно можеме да земеме пример од терористичките акции кои се одликуваат со зголемена бруталност и тешки последици. Како последица на тие нехумани дела современата криминологија и кривичното право водат во насока на оправдување на интензивната присила, вклучувајќи ја овде и превентивна присила. Сето ова се оправдува со тежината на криминалитетот, новите глобални закани од терористичките акции, кои најчесто опфаќаат невини лица. Од друга страна, во поглед на оваа теза, доаѓа до судир и силно спротивставување на тезата за хуманоста и заштитата на правата на граѓаните.

Основен белег на полициската организација според кој таа се разликува од другите организации, дури и од оние кои имаат посебни овластувања, е употребата на присила. Употребата на присила (физичка и психичка) за секој полициски службеник и во секоја ситуација мора да се сфати навистина како ultimatio ratio, последно средство за да се воспостави јавниот ред и мир, или да се изврши некоја друга задача од доменот на полициско работење.[113]

Во поглед на горенаведеното една од активностите кои беа преземени на ова поле беше токму изработувањето на полициски кодекси, кои сами по

[111] Ralph Crawshaw, „Human Rights and their protection under international law“, A Pamphlet for Police, Ministry of Internal Affairs, Skopje, 2002, pp 10-11.
[112] д-р Трпе Стојановски, „Полициска етика и деонтологија“, 2 Август, Скопје, 2006 година,…стр. 209.
[113] Исто.,

себе претставуваат еден вид на правила на однесување на полициските сили. Еден од најзначајните документи кој би послужил за креирање на новите правила на однесување на полициските сили во потсконфликтни операции е токму Европскиот кодекс за полициска етика. Препораките на Комитетот на министрите земји членки на Советот на Европа се Европскиот кодекс за полициска етика да се применува без оглед на начинот на кој полицијата е организирана, дали е централизирана или локално ориентирана, дали е структурирана на граѓански или на воен начин, дали се нарекува служба или сили, или дали е одговорна пред државата, пред регионалните или локалните власти и поширокота јавност. Иако, намерата е да се има што е можно поголем опфат на Кодексот, одредени специфични типови полиција се исклучени од неговиот опфат. Повикувањето на традиционалната полиција треба да се смета како спротивно на „специјалните видови“ полиција формирани за специфични цели кои не спаѓаат во чувањето на јавниот поредок во граѓанското општество. Пример на полиција што не потпаѓа во рамките на опфатот на Кодексот е воената полиција при вршење на своите воени функции и тајни безбедносни служби. Друга категорија што не е покриена од Кодексот е „затворската полиција“ која, во државите каде што постои, е ограничена на вршење на своите должности во казнено-поправните институции. Треба да се додаде дека приватните компании за обезбедување не се опфатени со оваа Препорака.[114]

Препорачува владите на земјите-членки, во нивното интерно законодавство, практиката и кодексите за однесување на полицијата, да се раководат од принципите утврдени во текстот на „Европскиот кодекс за полициска етика“, даден во прилог на оваа Препорака, со цел за нивна поагресивна имплементација, како и да овозможат што е можно поголема циркулација на овој текст.[115]

Со посебни членови во Европскиот кодекс за полициска етика се регулирани и следните области од генералната организацијата, надлежностите и функционирањето на полициските сили, и тоа:

- *Целите на полицијата;*

[114] Исто.,
[115] Цитирано од Преамбулата на Препораката на „Европскиот кодекс за полициска етика“

- *Законската основа на полицијата во согласност со владеењето на правото;*
- *Полицијата и системот на кривичното правосудство; Организационите структури на полицијата;*
- *Кфалификации, вработување и задржување на полицискиот персонал;*
- *Обука на полицискиот песонал;*
- *Права на полицискиот персонал;*
- *Насоки на полициска акција/интервенција;*
- *Одговорност и контрола на полицијата; и*
- *Истражување и меѓународна соработка.*

Од погоренаведеното во Кодексот можеме да заклучиме дека, *основните цели на полицијата* во едно демократско општество раководено од владеењето на правото се: одржување на јавниот мир, закон и ред, заштита на фундаменталните права и слободи на поединецот, особено животот, да го спречи и открие криминалитетот; намалување на стравот и пружање помош и услуги во функција за граѓаните.

Од анализата на Европскиот кодекс за полициска етика во членот кој ги регулира *насоките за полициска акција/интервенција,* што е клучно за самата тема на истражувањето, можеме да констатираме дека полицијата во сите полициските интервенирања мора да го почитува правото на живот на секого и да се раководи според начелото дека секој ќе биде предмет на такви ограничувања какви што одредува законот со цел обезбедување на соодветно признание и почитување на правата и слободите на другите. Овој член, заснован на член 2 од Европската конвенција за човекови права, имплицира дека полицијата и нејзините операции не треба да преземаат намерни убиства. Имајќи го предвид член 2 од Европската конвенција за човекови права и Протоколот бр. 6 кон истата Конвенција, што се однесува на укинување на смртната казна, исто така треба да се исклучи полицијата да се користи за извршување на смртни казни. Како фактор може да се појави и тоа што при полициските интервенции може да дојде до загуба на човечки живот како резултат на употреба на сила од страна на полицијата. Но во одредени случаи тоа не мора да значи прекршување на правото на живот, затоа што секако има екстремни случаи каде што постојат услови да дојде до употреба на смртоносна сила.

Од овде доаѓаме до заклучок дека полицијата поседува посебни овластувања (вклучувајќи ја можноста и за употреба на сила) и притоа мора да се придржува до владеење на правото во согласност со најдобрите меѓународни стандарди и процедурални правила и стратегии кои се пропишани во применетите национални и локални закони. Овој член од Кодексот ја потврдува судската практика на Европскиот суд за човекови права. Меѓутоа, треба да се забележи дека ова правило се применува за сите видови ситуации каде што полицијата има право да употреби сила. Како почетна точка, секогаш мора да има правна основа за полициските операции,[116] вклучително и за употребата на сила. Полициските службеници потребно е да се придржуваат кон начелото дека употребата на сила се смета за исклучителна мерка која во никој случај не треба да се примени самоволно и истата мора да биде сразмерна со заканата. Не може да се употреби повеќе сила отколку што е апсолутно неопходно. Тоа укажува дека употребата на сила треба да биде пропорционална со легитимната цел што треба да се постигне преку мерката за сила. Со практични зборови, тоа значи, на пример, дека воопшто не треба да се употребува физичка сила, освен ако тоа е стриктно неопходно; дека не треба да се користи оружје, освен ако е стриктно неопходно и пред користење на огненото оружје да се даде јасно предупредување за намерата за употреба на истото; доколку смртоносното оружје се смета за неопходно, не треба да се употребува повеќе отколку што се смета за стриктно неопходно: пукање заради предупредување, пред пукање заради повреда, да не се повредува повеќе отколку што е неопходно итн.

Европскиот кодекс на полициска етика, може да послужи како пример и насока за креирање на правилата за употреба на сила и правилата на однесување на полициските сили во постконфликтните операции, и во неевропските држави, т.е. во државите кои после соборувањето на репресивниот режим имаат амбиции да се развиваат продемократски и да ги почитуваат правилата и принципите за заштита на човековите права.

[116] Види повеќе во член 3 од Европскиот кодекс за полициска етика.

2.5. Човековите права во однос на правото на употребата на сила во постконфликтните операции

Кога станува збор за човековите права, една од водечките улоги ја има Советот на Европа, организација која има 47 земји членки, од кои 28 се членки на Европската Унија и истите се потписнички на Европската конвенција за човекови права, договор за заштита на човековите права, демократијата и владеење на правото. Овој совет беше вклучен во многу процеси од областа на безбедноста, човековите права, меѓународното право и останатите области клучни за функционирање на Европските демократски општества. Формиран 1949 година, Советот на Европа е меѓувладина организација која има за цел:

- заштита и унапредување на човековите права, плуралистичката демократија и владеењето на правото;
- да го промовира, стимулира (со подигањето на свеста) и да го поттикнува развојот на културниот идентитет и разноликост на Европа;
- да наоѓа заеднички решенија за проблемите со кои се соочува европското општество (малцинствата, ксенофобија, нетолеранција, клонирање, заштита на животната средина, наркотици, организираниот криминал и корупција, интернет-криминал, насилство врз деца, тероризмам итн.);
- да помогне во консолидирање на демократската стабилност во Европа преку поддршка на политички, законодавни и уставни реформи.

Работата околу прашањата поврзани со полицијата е поставена во рамките на неколку директорати во Советот, особено оние што работат на човековите права, правата и социјалните прашања.

Полициските службеници во едно демократско општество треба да ги знаат, разбираат и применуваат стандардите за човековите права во секојдневната работна практика. Во контекст на ова, Советот на Европа ја покрена „Програмата за полицијата и човековите права – по 2000 година“ во рамките на своето Одделение за подигање на свеста за човековите права. Надградувајќи ја работата на Советот околу полицијата во текот на последните

децении, оваа Програма донесува дополнителна енергија и еден стратешки пристап кон соработката со националните полициски органи во Европа.[117]

Човековите права произлегуваат од вроденото достоинство и вредност на човековата личност и тие се универзални, неотуѓиви и еднакви. Ова значи дека тие им припаѓаат на сите човечки суштества, тие не може да се одземат, да се откажат од страна на кое било лице и секој има права во иста мера – без оглед на какви било критериуми, како што се раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имотен, статус по раѓање или друг статус.[118]

Човековите права се неотуѓиви основни права кои му се наследно дадени на човекот, главно се однесуваат на односите меѓу поединците и државата. Тие се основен критериум што ја отсликува улогата на човекот во едно општество, ја контролираат и регулираат употребата на државната власт врз поединците, доделуваат слободи на поединци во однос на државата и бараат од државите да ги задоволат основните човекови потреби на луѓето во рамките на нивната јурисдикција.

Клучни меѓународни документи кои ја регулираат оваа материја се:

- *Универзалната декларација за човековите права (УДХР), усвоена на 10 декември 1948 година во дворецот Шајо, Париз, од страна на Генералното собрание на Обединетите нации;*

- *Европска конвенција за човекови права (European Convention on Human Rights - ECHR) е конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи на Советот на Европа, потпишана во 1950 година;*

- *Рамковната конвенција за национални малцинства на Советот на Европа донесена 1994 година;*

- *Африканската повелба за човековите и правата на народите;*

- *Американската конвенција за човекови права* и други меѓународни конвенции и документи кои посредно и непосредно ја регулираат оваа материја.

[117] Mark Taylor, "Police Practice and Human Rights- A European Introduction"- A reference Brochure., Ministry od Internal Affairs, Skopje, 2002, … pp, 11

[118] Ralph Crawshaw, “Human Rights and their protection under international law”, A Pamphlet for Police, Ministry of Internal Affairs, Skopje, 2002.pp, 5

Државата има обврска да го следи почитувањето на заштитата на човековите права, а како орган кој се повикува да го обезбеди тоа почитување на човековите права секако е полицијата. На ниво на Обединетите нации и Советот на Европа се обезбедени силни насоки за деталните стандарди што ќе им помогнат на полицијата и на другите службеници поврзани со спроведување на законите да се заштитат себеси додека ги штитат другите. Тука, спаѓаат:

- Кодексот на однесување на Обединетите нации за службеници кои работат на спроведување на законите,

- Декларацијата за полицијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа,

- Европскиот кодекс за полициска етика.

При употребата на сила од страна на полициските сили без разлика дали се работи во внатрешните работи или пак во мировните мисии, ***правото на живот*** треба да биде примарно. Кога станува збор за правото на живот, полицискиот службеник треба да знае дека тоа е елементарно право на човекот базирано на верувањата дека секој човек има право на живот, дека правото на живот мора да биде заштитено со закон и дека животот на ниедно лице не смее да се одзема своеволно. Јасно е дека правото на живот мора да биде основно право. Во чл.3 од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, стои: „Секој има право на живот, слобода и сигурност“. Европската конвенција за човекови права бара од државите да донесат закони што забрануваат одредени форми на убивање и спречуваат своеволно убиство од страна на државата. Може да биде лишен од живот само по пресуда од страна на судот за кривично дело за кое со закон е утврдена смртна казна. Укинувањето на смртната казна претставува голем чекор напред за современата демократска држава и Советот на Европа активно работи во тој правец поттикнувајќи ги државите да го потпишат и ратификуваат Протоколот број 6 од Европска конвенција за човекови права. Правото на живот е загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија, според член 10: „Животот на човекот е неприкосновен. Во Република Северна Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ“.

При извршување на секојдневните полициски работи, меѓу другото, од полициските службеници се бара да употребат мирољубиви средства за зачувување на редот, но некогаш мора да употребат сила или огнено оружје со

цел да заштитат човечки живот, а тоа, за жал, некогаш резултира со смрт. Членот 2 од Европска конвенција за човекови права дава дефиниција за ситуациите каде е дозволено да се употреби сила што може да резултира со смртен исход. Тој не дава дефиниција на ситуациите каде е дозволено намерно да се убие некое лице. Во него стои:

„Лишување од живот нема да се смета како наметнато во однос на повреда на овој член доколку е резултат на употреба на сила која не е ништо повеќе од апсолутно неопходна во одбрана на некое лице од незаконско дејство, со цел да се изврши законското затворање или да се спречи бегство на некое лице кое е законски притворено и во акција преземена законски, со цел да се угуши некоја побуна или востание.“

Во однос на правото на употреба на смртоносна сила, и во однос на тоа во кои случаи е неопходно да се употреби истата, се поставува прашањето, кое е значењето на поимот *„апсолутно неопходно“,* кога полициските службеници мора да употребат неопходна сила. Полициските раководители треба да ги планираат и контролираат полициските акции, со цел да се минимизира во најголем можен обем, употребата на смртоносно оружје и инцидентна загуба на човечки животи. Доколку мора да се употреби сила, тогаш тоа треба да биде пропорционално со ситуацијата. Во одлучувањето дали употребата на сила е пропорционална, треба да се имаат предвид следниве фактори: природата на целта што се следи во полициската акција, забележаните опасности по животот и степенот на ризик што може да резултира со загуба на живот заради употреба на сила.[119]

Според членот 5 од Европска конвенција за човекови права се воспоставени гаранции за ***„правото на слобода и безбедност“,*** полициските службеници треба да знаат дека секој човек има право на слобода и лична сигурност, никој не треба да биде подложен на своеволно затворање или притворање и никој не смее да биде лишен од слобода во ниеден случај освен врз основа на закон и согласно законските постапки. Овде повторно се соочуваме со една област од законите за човековите права која е многу значајна за полициската работа. Одземањето на правото на слобода е огромна

[119] При употреба на потенцијална смртоносна сила, полициските службеници секогаш треба да земат предвид дека концептот на „апсолутно неопходно“ и „пропорционално“ се централни во нивните акции во обезбедување на правото на живот. Mark Taylor, … pp., 29.

одговорност за која државата мора да има силни обезбедувања. Полициските овластувања за задржување - притвор на лица треба да се утврдат во правна рамка со цел јавноста, односно граѓаните веруваат дека овие овластувања нема да се злоупотребуваат и да обезбедат сигурни насоки за работа на полициските службеници. Овие овластувања треба да се користат основано и во точна усогласеност со законот.

Членот 5 од Европска конвенција за човекови права содржи целосна листа на шесте дозволени причини за лишување од слобода на некое лице. Најважната причина што се однесува на скојдневната полициска работа е: *„законското задржување - притвор на некое лице заради основано сомневање на извршено кривично дело, или кога основано се смета за неопходно за да се спречи лицето да изврши кривично дело или да избега откако го извршил“*. Останатите причини наведени во член 5 се следните: *„законски притвор по пресуда на некој суд; законско задржување - притвор заради непочитување на судски налог или за да се обезбеди исполнување на некоја обврска пропишана со закон; задржување - притвор на малолетно лице со законски налог како воспитна мерка или заради негово изведување пред некој законски орган; законско задржување - притвор на лица заради спречување на ширење заразни заболувања, или умоболни лица, алкохоличари, зависници од дроги и скитници; задржување - притвор на лица заради спречување на неовластен влез во земјата или на лица кои треба да бидат депортирани“*.

Општо е познато дека Меѓународното право за правата на човекот се универзални, апсолутни, природни, но и двојно ограничени. Првата основа за ограничување произлегува од поединечното право на секој човек во однос на другите и обратно. Втората основа за ограничување, доаѓа од потребата за заедничко добро, односно, потребата за егзистенција и општа безбедност (значи, во случај на воена или вонредна состојба).[120] Ограничувањата во однос

[120] Ова е регулирано во чл.4 од Меѓународниот Пакт за граѓански и политички слободи и права, International Covenant on Cicil and Political Rights (ICCPR), New York 19 Dec. 1966, 999 UNTS 171; член. 15 на Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи, (European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, 4 Nov. 1950, ETS No. 5 (ECHR)) и член. 27 од Американската конвенција за човекови права (American Convention on Human Rights, 22 Nov. 1969, OAS Treaties Series No. 36 (ACHR)). Повеќе околу ова може да се види во: Human Rights Committee's General Comment 29, States of Emergency, 31 Aug. 2001, достапно на: http://www. unhchr.ch.

на втората основа (познато и како дерогирање на правата), во склад со фундаменталните човекови права, мора да биде строго регулирано.[121]

Дерогирањето на правата се одразува и врз употребата на одредени видови оружје (во кои операции и под кои околности). Се менуваат и правилата околу употребата на сила и пред сè смртоносна сила. Така, на пример, за овие операции не е сè исто дали ќе се даде предупредувачки истрел, или директно ќе се отвори оган врз заканата. На тој начин, дерогирањето на правата може (а не мора) директно да влијае во формирањето на поагресивни правила на однесување за време на овие операции. Тоа е особено битно кога се употребува сила во операции за заробување терористи кои пружаат вооружен отпор (една од главните забелешки на САД). Државите се обврзани строго да регулираат кои права можат да бидат предмет на ограничување. Тоа укажува на фактот дека правото за дерогирање не и дава на државата *carte blanche*. Во тој контекст, треба да се земат предвид две работи.

Прво, некои права под никои услови не можат да се дерогираат. Такво е правото на живот кое не се дерогира ниту за време на акти на вооружен конфликт. Таков е примерот и со забраната за мачење и сурово, нечовечко однесување, деградирачки третман и казнување, забраната за ропство, како и за казнувања кои не се кривични дела во времето кога делото е сторено.

Второ, како што истакнавме погоре, ограничувањето на правата не е бесконечно во поглед на времетраењето. Тоа мора да е строго регулирано и пропишано. Со тоа, овие механизми ја зајакнуваат контролата врз вооружените сили. Служејќи како правна основа, во креирањето и имплементацијата на правилата на однесување за време на операциите, овие механизми ги држат одговорни извршителите за нивните постапки.

Едно од прашањата кои се наметнуваат во овие операции е, дали правото на живот им забранува на оперативците да употребат смртоносна сила без предупредување (предупредувачки истрел).[122] Зошто е всуштност потребна употребата на смртоносна сила во одредени ситуации во овие

[121] Член 4(3) ICCPR; член 27(3) ACHR и член 15(3) ECHR. Пошироко околу ова може да се види во: Human Rights Committee's General Comments 5 (Derogation of Rights, 31 July 1981) достапно на: http://www.unhchr.ch. Оваа обврска, најчесто е составен дел на домашните законодавства, а истата е преземена од меѓународните договори како резултат на контролните механизми воспоставени со овие договори. каде што е потребно да се прецизира кој и во какви услови може да дерогира права, односно со официјална нотификација во која се назначуваат правата кои се дерогираат и времето до кога трае таа дерогација.

[122] Оваа право не смее да се забрани ниту за време на вооружен конфликт.

операции: опасните лица - криминалци после предупредувачкиот истрел често добиваат можност за маневар. Тоа, во најголем број случаи, им овозможувало, или да се бранат со отпор, или да земат заложници за да се заштитат. Ако се земат предвид апоклиптичните и апстрактните ставови на современите терористи, ситуацијата сигурно ќе се одвива во оваа насока. Од друга страна, траекторијата на зрното кое е испукано од предупредувачкиот истрел, според законите на надворешната балистика, овозможува ова зрно, доколку наиде на цел, да биде фатално.

Како што може да се види од претходно изнесеното, ограничувањето на човековите права во противтерористичките и противбунтовничките операции се движи на линијата на легалното и нелегалното. Можноста од злоупотреба на правилата на самите оперативци во овие операции е голема, условите за постојана контрола на постапките и пречекорувањето на овластувањата во поглед на ограничувањето на човековите права во вакви операции на оперативците е неможна. Како што напоменавме погоре (види во делот за полициските функции и овластувања), законодавецот не може јасно за секоја ситуација да даде соодветна норма како оперативецот треба соодветно да постапи. Секоја ситуација е сама за себе посебна, правилата и нормите даваат насоки за тоа што треба и како треба, но самиот оперативец, во даден момент и ситуација, воден од дадената ситуација, одлучува како да постапи. Добрата обученост, професионализмот на оперативците во вакви случаи доаѓа во преден план, во корелација со ова секогаш оди и самата стресна психичка состојба на оперативецот во директната ситуација да може да процени што треба да направи. Дали со неговата постапка и одлука ќе се заштити себеси, невините луѓе како потенцијална жртва, или пак ќе ги пречекори правилата за човековите права во поглед на употреба на смртоносна сила кон лицето (терорист) кој со неговиот акт може да нанесе огромна штета по животот и имотот на невините луѓе, зависи од наведените фактори. Ова не смее да биде разбрано како оправдување за пречекорувањата на оперативците во високоризичните операции, туку да биде појаснување за сложеноста на донесување одлуки на оперативците во поглед на ограничувањата на човековите права во овие операции. Секое пречекорување и злоупотреба на правилата на однесување од страна на оперативците треба да биде казнето.

Заклучок

Ако погледнеме историски наназад, после Втората светска војна, може слободно да заклучиме дека општеството влезе во брза трка на развој на полето на економијата, технологијата, поврзаноста помеѓу државите во повеќе аспекти, поточно, со еден збор, влеговме во ерата на глобализација. Придобивките од глобализацијата се воодушевувачки и сето тоа би било идеално ако не постоеше другата страна на медалот, а тоа е брзиот развој на воената технологија и трката за вооружување помеѓу Истокот и Западот. Додека титаните се тркаа и бореа за доминација, малите страдаа и беа искористувани од нивна страна на различни начини. Покрај економијата, безбедноста и мирот станаа главна тема помеѓу меѓународните ентитети. Светот навлезе во еден нов тип на т.н. асиметрична војна која се манифестира во различни форми на бунтови и современ тероризам, и тоа претставува еден сериозен проблем во меѓународните ентитети. Користејќи ја глобализацијата во сите сфери на модерното живеење, бунтовниците и терористите успеаја да создадат мрежа од голем број регионални истомисленици низ светот. Преку својата агенда со апокалиптични и апстрактни цели, овој модерен тип на тероризам и бунтовништво започна да им пркоси на голем број меѓународни субјекти.

Новиот тип на асиметрично војување бараше и нова промена во начинот на војување, а следствено со тоа следуваше и промена во меѓународното право околу употребата на сила. Како што во првиот дел од текстот беше објаснето, државите во однос на борбата против тероризмот и бунтовништвото изградија три аспекти на употреба на сила. Во првиот случај тероризмот и бунтовништвото се третираат како криминален акт (внатрешен проблем); Во вториот случај тероризмот и бунтовништвото се третираат како внатрешен вооружен конфликт и во третиот случај тероризмот и бунтовништвото, од легална гледна точка, се третира како меѓународен вооружен судир.

После терористичките напади на 11 септември, дојде до голема промена во пристапот и начинот на борбата против овој вид асиметрична закана и борбата против т.н. трет тип на глобален бунт кој се третира како меѓународен вооружен судир. Прво дојде до промена на воената доктрина на војување. САД со неколку други држави ја стартуваа новата доктрина, т.н. „Глобална војна

против тероризмот“ подоцна истата од страна на администрацијата на претседателот на САД Барак Обама беше преформулирана во т.н. „Противбунтовнички операции“. Новата доктрина на пристапот кон тероризмот и бунтовништвото од меѓународен правен аспект го промени, и наместо како кон криминален акт или внатрешен вооружен конфликт, пристапи како кон меѓународен вооружен конфликт.

Тероризмот и бунтовништвото, на различен начин беа поддржувани од повеќе држави, но Авганистан и Ирак, директно ги подржуваа овие групации во остварување на нивните апокалиптични намери во повеќе акции против западните демократски држави. Како рефлексија на ова САД и неколку држави започнаа со воените интервенции против овие две држави. Употребата на сила (во доменот на *ius ad bellum*) ја оправдуваа преку аргументите кои произлегуваат од правото на самоодбрана. Во случајот со нападот врз Ирак, покрај правото на самоодбрана, аргументот за употреба на сила се бараше и во резолуциите на Советот за безбедност. Аргументите кои ги црпеа САД и нејзините држави сојузнички за овие интервенции, преку правото на самоодбрана предвидено по членот 51 од Повелбата на ООН, одеа во насока дека, овој член им дава право на државите како субјекти. Затоа, примената на ова право за заштита од недржавни актери претставува обид за проучување на постоечките правила.

Да не навлегуваме во лавиринтот за докажување на оправданоста или неоправданоста на овие интервенции, тие се случија, но тоа што после се случуваше во однос на отсуството од правилата кои пропишуваат соодветно поведение на државите при справувањето со современите закани од тероризмот и бунтовништвото, беше и главна цел и предмет на овој истражувачки труд. Поточно, мојот фокус беше свртен кон правилата на однесување на вооружените сили во овие операции.

Современата практика покажа дека операциите против тероризмот и бунтовништвото главно ги изведуваат армиските вооружени сили, користењето на полициски сили во ваков тип на операции беше оскудно, полициските мисии беа само од советодавен карактер.

Во вториот дел од текстот сакав да појаснам колкаво е значењето на употребата на полициските сили во овие операции. Сите анализи укажуваат на фактот дека полициските сили се неопходни во овие операции. Но тука се

појавува еден голем недостаток во меѓународните правни правила и принципи за регулирање на материјата околу правото на употреба на сила од страна на полициските сили во постконфликтни операции, и правилата за однесување на полициските службеници во овие операции.

Слободно можам да заклучам дека употребата на полициска сила е неопходна во постконфликтните операции, но пред да дојде до употреба на полицијата во овие операции, меѓународните ентитети фокусот треба да го стават кон јакнење на меѓународната соработка и размена на разузнавачки информации, хармонизирање на внатрешните законодавства преку заеднички програми за унапредување на внатрешните легислативи, меѓусебна обука на персоналот, финансиска поддршка за технолошко опремување и осовременување на единиците и телата кои се вклучени во борбата против тероризмот и бунтовништвото, спречување на финансирање на тероризмот, дополнителни програми за едукација и економски развој на неразвиените подрачја и други методи за сузбивање на вредностите кои тероризмот и бунтовништвото го гледаат како единствен излез. Механизмите и начините на кои тоа треба да се направи се предмет кој ја надминува нашата тема и кој треба да служи како поттик за идни истражувања.

Користена литература

1. Fair C. C. and Jones G.S., Securing Afghanistan - Getting on Track, United States Institute of Peace Working Paper, January 23, 2009;
2. G. W. Bush, „The National Security Strategy of the United States of America“, Washington: The White House, 2002;
3. Gombert C.D., Gordon J.IV., Grissom W.A., Frelinger D.R., Jones G.S., Libicki C.M., O'Connell E., Stearns K.B. and Hunter E.R., War by the other means-Building complete and balanced for Counterinsurgency, RAND Corporation-National Defence Research Institute, 2008;
4. Hemmes X.T., Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation, Strategic Forum, No.214, January 2005;
5. ICRC, „International Law Concerning of Conduct of Hostilities“, Geneva, 1994;
6. Larson V.E., Eaton D., Nichiporuk B. and Szayna S.T., Assessing Irregular Warfare - A Framework for Intelligence Analysis, RAND Corporation-National Defense Research Institute, 2008;
7. Lieutenant General Leahy P., Counterinsurgency, The Australian Army Journal, Land Warfare Studies Centre Commonwealth of Australia, 2008;
8. Lieutenant General Petraeus H.D., USA Commander, U.S. Army Combined Arms Center and Lieutenant General Mattis N.J., USA, USMC, Commanding General, Marine Corps Combat Development Command, Counterinsurgency (Final Draft—Not for Implementation), (Final Draft)Headquarters, Department of the Army - 16 June 2006;
9. Mackinlay J. and Al-Baddaway A., Rethinking Counterinsurgency, National Defense Research Insititute-RAND, 2008;
10. Mark Taylor, "Police Practice and Human Rights- A European Introduction"- A reference Brochure., Ministry od Internal Affairs, Skopje, 2002;
11. Metz S. and Millen R., Insurgency and Counterinsurgency in the 21st Century; Reconceptualizing Theat and Respose, Strategic Studies Institute (SSI), November 2004;
12. Perry L.W. and Gordon IV. J., Analytic Support to Intelligence in Counterinsurgencies, National Defense Research Institute RAND, ISBN 978-0-8330-44563, 2008;
13. Ralph Crawshaw, „Human Rights and their protection under international law“, A Pamphlet for Police, Ministry of Internal Affairs, Skopje, 2002;
14. В. Воислав,„Меѓународно воено право“ Скопје, 1998 година;
15. Владимир Ортаковски, „Меѓународно право и правото да се живее во мир“, скрипта, Скопје, 2003 година;
16. Владо Камбовски,„Кривично право - посебен дел“, НИО,„Студентски збор“, Скопје, 1988;
17. Годишна национална програма за подготовка на членството на Република Македонија во НАТО 2009/2010 www.mfa.gov.mk
18. Денко Малески , „Меѓународна политика“, Скопје, 2001 година;

19. Додевски С., „Учество на воен персонал од Македонија во меѓународни мировни мисии“, докторски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан први“, Скопје, 2011година;
20. Зоран Верушевски, Меѓународно-правни димензии на тероризмот, списание „Безбедност“, , бр.3, 1996 година, Скопје;
21. Љ. Д. Фрчкоски, „Меѓународно право за правата на човекот“, Магор,
22. Марјан Николовски, „Поврзаноста ивлијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката“, Скопје, 2008 година;
23. Митко Котовчевски, „Современ тероризам“, Македонска цивилизација, Куманово, 2003 година;
24. Национална стратегија за борба против тероризмот (2018-2022), Влада на Р.Македонија, Национален комитет за спречување насилен екстермизам и борба против тероризмот, Скопје, февруари 2018 година;
25. Трпе Стојановски, „Полицијата во демократското општество“, 2 Август, Скопје, 1997 година;
26. Трпе Стојановски, „Полициска етика и деонтологија“, 2 Август, Скопје, 2006 година;
27. Фрчкоски, Ортаковски и Тупурковски, „Меѓународно јавно право“, Скопје, 1995,
28. Хаџи-Јанев М, „Меѓународноправните аспекти на употребата на вооружена сила во борбата против тероризмот докторски труд“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан први“, Скопје, 2009 година;
29. Хаџи-Јанев М., Правило за обука на Ал Каеда, Одбрана, Министерство за Одбрана на Република Македонија, септември 2004 година;
30. Хаџи-Јанев М., Четврта генерација на војување: промена на војувањето под влијание на современите предизвици, Армија на Република Македонија, Скопје, 2012 година.

Закони и подзаконски акти од Република Северна Македонија

1. Кривичен законик на РСМ
2. Закон за кривична постапка
3. Закон за полиција
4. Закон за внатрешни работи
5. Закон за одбрана
6. Закон за Агенција за разузнавање
7. Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам
8. Закон за Јавно обвинителство
9. Закон за класифицирани информации
10. Закон за азил и привремена заштита

11. Кодексот на однесување на Обединетите нации за службеници кои работат на спроведување на законите
12. Европски кодекс на полициска етика
13. Кодекс на полициска етика на полицијата на Република Северна Македонија